ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 258/25
25.04 2025 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

**Април, 2025**

## ВОВЕД

Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно уставниот поредок и начелото на поделба на власта, како највисок суд во државата и носител на судската власт, преку надлежноста на Општата седница ја следи работата на сите судови во Република Северна Македонија, со што се обезбедува принципот на самостојност и независност на судската власт.

Во рамки на своите законски надлежности, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија дава оценка за нивното функционирање од аспект на ажурноста и квалитетот во обезбедување на правдата и заштитата на основните човекови права и слободи, како и во обезбедувањето на правната сигурност на граѓаните на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за судовите и Деловникот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 01.04.2025 година се одржа проширена Општа седница за разгледување на извештаите за работа на судовите во Република Северна Македонија за 2024 година, на која беа поканети и присуствуваа заменик-претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија и претседателите на Вишиот управен суд и на Апелационите судови Скопје, Битола, Гостивар и Штип.

Податоците од извештаите на судовите за 2024 година покажуваат дека судиите и судската служба вложиле голем труд и поголем дел од судовите со постоечките персонални, материјални и финансиски услови за работа, успеале да го совладаат приливот на нови предмети, а решавале и од заостатокот со што ажурно ја завршиле 2024 година.

Согласно податоците, во судовите во текот на 2023 година, примени се нови 539.640 предмети. Со остатокот од претходната година вкупно во работа имале 674.385 предмети. Решени се 540.426 предмети, а на крајот од извештајната година останале нерешени 133.959 предмети.

Од усвоените оценки и заклучоци по извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија и дадените предлог мерки останува впечатокот дека може да се постигнат уште подобри резултати со надминување на состојбата која е општо позната и алармантна со намалениот број на судии, со пополнување на упразнетите работни места во судската служба, со подобрување на материјалната и финансиска состојба, со континуирана едукација, како и со подобрување на просторните услови и информатичката технологија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 37 став 1 алинеја 12 од Законот за судовите и член 70 од Деловникот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија, ги разгледа и извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија и ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

### ВИШ УПРАВЕН СУД

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На почетокот на извештајниот период за 2024 година, во Вишиот управен суд останале нерешени 1.532 предмети, новопримени се 2.549 предмети, погрешно заведени 10 или вкупно во работа биле 4.071 предмети, од кои се решени 1.981 предмети, а останале нерешени 2.090 предмети.

На почетокот на 2024 година непостапени од Управниот суд кои биле административно вратени од Вишиот управен суд биле 18 предмети, Вишиот управен суд вратил 74 предмети и од вкупно 92 предмети административно се вратени од Управниот суд во Вишиот управен суд 80 предмети, а непостапени административно на крајот на годината се 12 предмети.

### СУДСКА УПРАВА

Во судската управа на почетокот на 2024 година немало нерешени предмети, новопримени се 1.143 предмети и од нив се решени 1.142 предмети, односно на крајот на годината останал нерешен 1 предмет.

Од примените предмети во Судската управа во уписникот „Су“ се примени вкупно 407 предмети и сите се решени, во уписник Су-01 се примени 61 предмети и сите се решени, во уписник Су-02 се примени 40 предмети и сите се решени, во уписник Су-03 се примени 132, а останал нерешен 1 предмет, во уписник Су-04 се примени 112 и сите се решени, во уписник Су-05 примени се 10 предмети и сите се решени, во уписник Су-07 се примени 16 и сите се решени, во уписник Су-Изз се примени 29 предмети и сите се решени, во уписникот СУ-ДОВ нема нерешени предмети на почетокот на 2024 година, ниту новопримени предмети во 2024 година, во уписникот СУ-СТР-ДОВ се примени 5 предмети и сите се решени, во уписник УПП

новопримени се 321 предмет и сите се решени и во уписник СПИ примени се 10 предмети и сите се решени.

## РАБОТА ПО СОВЕТИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

Работата по предметите во овој суд во периодот од 01.01.2024 до 26.08.2024 година се одвивала во три совети, формирани во рамките на три специјализирани судски совети и тоа:

### Специјализиран судски совет за имотно-правна област и други права

Од претходната година останале нерешени 299 предмети од имотно-правна област и други права, даден во друг оддел бил 1 предмет, новопримени се 396 предмети и од вкупно во работа 694 предмети, решени се 331 предмет, а останале нерешени 363 предмети. На ниво на овој совет не е совладан приливот за 65 предмети, односно зголемен е заостатокот за 64 предмети.

### Специјализиран судски совет за пензии, инвалидски, социјални, здравствени права, права од работен однос, финансиски и други права

Во овој совет од претходната година останале нерешени 224 предмети, примени од друг оддел (прераспределени) се 2 предмети, новопримени се 344 предмети и од вкупно во работа 570 предмети решени се 357 предмети, а останале нерешени 213 предмети. На ниво на овој совет совладан е приливот за 13 предмети, односно намален е заостатокот за 11 предмети.

### Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права

Во овој совет од претходната година останале нерешени 1.009 предмети, даден во друг оддел (прераспределени) е 1 предмет, новопримени се 917 предмети, погрешно заведени 5 предмети и од вкупно во работа 1.920 предмети решени се 680 предмети, а останале нерешени 1.240 предмети. На ниво на овој совет не е совладан приливот за 237 предмети, односно зголемен е заостатокот за 231 предмет.

Во периодот од 27.08.2024 година до 31.12.2024 година работата по предметите во Вишиот управен суд се одвивала во два совети формирани во рамките на два специјализирани судски совети и тоа:

### Специјализиран судски совет за имотно-правна област, за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права

Во овој извештаен период нерешени биле 576 предмети, примен од друг оддел 1 предмет, дадени во друг оддел 10 предмети, новопримени се 414 предмети,

погрешно заведени 3 предмети и од вкупно во работа 978 предмети, решени се 228 предмети, а останале нерешени 750 предмети.

Согласно податокот за новопримени и решени предмети, не е совладан приливот за 186 предмети, односно зголемен е заостатокот за 174 предмети.

**Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права**

Во овој извештаен период нерешени биле 1.240 предмети, примени од друг оддел 10 предмети, даден во друг оддел 1 предмет, новопримени се 478 предмети, погрешно заведени 2 предмети и од вкупно во работа 1.725 предмети, решени се 385 предмети, а останале нерешени 1.340 предмети.

Согласно податокот за новопримени и решени предмети, не е совладан приливот за 100 предмети, односно зголемен е заостатокот за 100 предмети.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Вишиот управен суд заклучно со 31.12.2024 година, нема стари нерешени предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Вишиот управен суд на почетокот од 2024 година бил составен од 7 судии од кои 1 судија ја извршувал функцијата ВД Претседал на судот се до 05.08.2024 година кога му е утврден престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија.

Со решение бр.02-1493/1 од 05.08.2024 година на Судскиот совет на РСМ е избран вршител на должноста Претседател на Виш управен суд од редот на судиите на Вишиот управен суд сметано од 06.08.2024 година. Со Одлука за избор на Претседател на Виш управен суд бр.09-2137/1 од 07.11.2024 година, донесена од Судскиот совет на РСМ е избран Претседател на судот од редот на судиите на Вишиот управен суд. На крајот на 2024 година Вишиот управен суд е составен од 5 судии и Претседател на Виш управен суд.

Во овој суд заклучно со 31.12.2024 година има вработени вкупно 15 судски службеници и 1 припадник на судска полиција, на 2 судски службеници им престанал работниот однос, а 1 судски службеник е вработен во овој суд на неопределено време и е распореден на работно место со звање виш судски референт – извршител во писарница.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Вишиот управен суд, заклучно со 31.12.2024 година во овој суд биле вкупно вработени 15 лица во рамките на судската служба и тоа: 1 судски администратор, 2 раководни судски службеници, 3 стручни судски службеници, 9 помошно – стручни судски службеници и 1 припадник на судска полиција.

Од своето основање Вишиот управен суд активностите од законската надлежност ги остварува во објектот кој се наоѓа на ул.„Никола Парапунов“ бр.31 во Скопје во вкупна површина од 484 м2 кој располага со 17 работни простории во кои се чуваат предметите по кои одлучува овој суд и архивирани предмети и 3 мали помошни простории кои служат за чување на канцелариски материјал, фотокопир и слично.

Наведениот станбен простор во кој е сместен Вишиот управен суд не ги задоволува потребите на судиите и вработените, бидејќи судиите се сместени во простории кои се многу мали и тоа во една просторија по двајца судии.

Просторијата која била наменета за сала за состаноци, сега е пренаменета во писарница на судот и во неа се сместени 5 судски службеници, што предизвикува нивно отежнато работење.

Вишиот управен суд не располага со ниту една „Судница“, поради што јавните седници се закажуваат и одржуваат во Кабинетот на Претседателот на судот.

Состојбата на максимална искористеност на административните простории на објектот во кои функционира судот, како и тешката состојба со недостаток на потребен број на вработени, влијаат на нормално и квалитетно извршување на работите и задачите од надлежност на Вишиот управен суд на начин што го отежнуваат правилното управување и движење на судските предмети.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во текот на извештајниот период, Вишиот управен суд не го совладал приливот за 558 предмети, односно го зголемил заостатокот за 558 предмети и се оценува за **неажурен суд.** За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Кадровско екипирање на судот со потребен број на судии и судска администрација; обезбедување соодветни просторни услови за работа на Вишиот управен суд; континуирана едукација на судиите и останатите вработени во судот; воспоставување електронска интерконекција на органите со Управниот суд и Вишиот управен суд.

УПРАВЕН СУД

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На почетокот на извештајниот период за 2024 година, во Управниот суд останале нерешени 4.356 предмети, новопримени се 4.716 предмети, повторно заведени се 171 предмет, погрешно заведени се 15 предмети или вкупно во работа биле 9.228 предмети. Решени се 5.532 предмети, а останале нерешени 3.696 предмети.

## СУДСКА УПРАВА

Во судската управа од претходната година останале нерешени 4.470 предмети, новопримени 6.415 предмети, повторно заведени 171 предмет, погрешно заведени 15 предмети или вкупно во работа биле 11.041 од кои се решени 7.282, а останале нерешени 3.759 предмети.

Во уписникот „СУ“ имало нерешени 56 предмети од претходната година, новопримени се 1.164 предмети и од вкупно во работа 1.220 решени се 1.199, а останале нерешени 21 предмет.

Во уписникот „СУ-ДОВ“ новопримени се 9 предмети, решени се 8, а останал нерешен 1 предмет.

Во уписникот “СПИ“ имало нерешени 5 предмети, новопримени се 29 и од вкупно во работа 34 предмети, решени се 29 предмети, а 5 предмети останале нерешени.

Во уписникот “УПП“ останале нерешени од претходната година 53 предмети, а новопримени се 497 предмет и од вкупно во работа 550 предмети, решени се 514 предмети, а 36 предмети останале нерешени.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

Работата по предметите во овој суд во 2024 година се одвива во три специјализирани оддели и тоа:

**Оддел за имотно-правна област, денационализација, експропријација, права од пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, урбанизам, градежништво, прекршоци и други сродни права**

Во овој оддел функционираат три совети кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на наведениот оддел.

Од претходната година останале нерешени 1.613 предмети, новопримени се 2.138 предмети, погрешно заведени се 6 предмети и од вкупно во работа 3.926 предмети, вкупно се решени 1.956 предмети, а останале нерешени 1.967 предмети. Не е совладан приливот за 176 предмети, односно зголемен е заостатокот за 354 предмети.

**Оддел за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права и права од социјална заштита, прекршоци и други сродни права**

Во овој оддел функционираат два совети кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на наведениот оддел.

Од претходната година останале нерешени 955 предмети, новопримени се 1.135 предмети, погрешно заведени се 2 предмети и од вкупно во работа 1.900 предмети, вкупно се решени 1.344 предмети, а останале нерешени 557 предмети. Приливот е совладан за 211 предмети, односно намален е заостатокот за 398 предмети.

**Оддел за финансиски прашања, прекршоци и други сродни права**

Во овој оддел функционираат три совети кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на наведениот оддел.

Од претходната година останале нерешени 1.788 предмети, новопримени се 1.614 предмети, погрешно заведени се 7 предмети и од вкупно во работа 3.402 предмет, решени се 2.232 предмети, а останале нерешени 1.172 предмети. Совладан е приливот за 625 предмети, односно намален е заостатокот за 616 предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд и на ниво на оддели**

Во 2024 година од Вишиот управен суд се вратени во Управниот суд вкупно 1.938 предмети по кои е донесена одлука по жалба од кои 1.538 потврдени одлуки, 155 преиначени, 178 укинати, 2 делумно укинати, 64 отфрлени и 1 предмет заведен со одлука друго. Потврдени се 79,36% од предметите, преиначени 8%, укинати 9,18%, делумно укинати 0,10%, отфрлени 3,30% и друго 0,05%.

**Оддел за имотно-правна област, денационализација, експропријација, права од пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, урбанизам, градежништво, прекршоци и други сродни права**

Од вкупно 480 примени по жалба предмети во Вишиот управен суд, 335 се потврдени или 69,79%, 61 се преиначени или 12,71%, 54 се укинати или 11,25%, 29 се отфрлени или 6,04% и 1 предмет друго или 0,21% .

**Оддел за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права и права од социјална заштита, прекршоци и други сродни права**

Од вкупно 804 примени предмети по жалба во Вишиот управен суд, 667 се потврдени или 82,96%, 41 се преиначени или 5,10%, 77 се укинати или 9,58% и 19 се отфрлени или 2,36%.

**Оддел за финансиски прашања, прекршоци и други сродни права**

Од вкупно 654 примени предмети по жалба во Вишиот управен суд, 536 се потврдени или 81,96%, преиначени се 53 или 8,10%, 47 се укинати или 7,19%, делумно укинати 2 или 0,31%, и 16 се отфрлени или 2,45%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На почетокот од извештајниот период останале 31 стар предмет. Во текот на 2024 година статус на стари предмети добиле 319 предмети или вкупно 350 предмети од кои се решени 290 предмети, а на крајот од 2024 година останале нерешени 60 предмети, односно зголемен е заостатокот за 29 предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во 2024 година во Управниот суд се пополнети вкупно 26 судиски места вклучувајќи го и Претседателот на судот, од вкупно предвидените 33 судиски места, согласно Одлука на Судскиот совет на РМ. Во извештајната 2024 година на двајца судии им престанала судиската функција поради исполнување услови за остварување право на староснa пензија.

Во делот на судската служба, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд заклучно со 31.12.2024 година, се предвидени вкупно 171 работни места, од кои 84 се пополнети, вклучувајќи ги и 17 судски службеници вработени во Судот на определено работно време заклучно со 31.12.2024 година, а останатите 87 работни места се непополнети.

Во текот на 2024 година бил спроведен еден јавен оглас за вработување на судски службеници на определено време. Во извештајната година на тројца судски службеници им престанал работниот однос.

Во текот на 2024 година на 17 вработени со кои бил склучен договор за вработување на определено работно време заклучно со 31.12.2024 година им престанал работниот однос во Управниот суд и тоа на 1 судски соработник, 4

помлади судски соработници, 6 судски референти-дактилографи и 6 помлади судски референти-извршители во писарница.

Заклучно со 31.12.2024 година во Управниот суд биле вработени вкупно 84 лица во рамките на судска служба, вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено работно време до 31.12.2024 година и тоа: 1 судски администратор, 3 раководни судски службеници, 32 стручни судски службеници и стручни службеници, 41 помошно-стручни судски службеници, 2 вработени лица за технички и помошни работи, 1 командир на судска полиција и четворица припадници на судската полиција.

Управниот суд своите законски надлежности ги спроведува во деловни простории во објектот што се наоѓа на ул.„Даме Груев“ број 6 во Скопје, доделен на трајно користење без надомест со Одлука О.Бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година донесена од Влада на Република Македонија, кој објект има 8 ката и во кој сите судии располагаат со сопствени канцеларии распоредени по катови, согласно советите во кои постапуваат.

Вработените во судската служба се распоредени во соодветни просторни услови согласно звањата и областа, односно одделот во кои биле распоредени да постапуваат во 2024 година. Во зградата на Управниот суд има 8 современо опремени судници за одржување на усни, јавни и непосредни расправи кои се правило согласно Законот за управни спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/19). Една судница е опремена за аудио и видео снимање на јавните расправи, а останатите 7 судници со аудио према за тонско снимање на расправите. За безбедноста на вработените и странките се грижат 5 припадници на судската полиција од кои 1 командир на судската полиција.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во текот на извештајниот период Управниот суд го совладал приливот за 660 предмети, односно го намалил заостатокот за 660 предмети, заради што за 2024 година овој суд се оценува за **ажурен суд.** За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Совладување на бројот на стари предмети; зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот со судски службеници од сите законски предвидени категории; континуирана едукација на судиите и вработените во судот и да се воспостави електронска интерконекција на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во извештајната 2024 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 20102 предмети, од кои 8088 предмети како незавршени се пренесени од претходната година, 11945 новопримени предмети, 6 предмети се погрешно заведени и 75 предмети се повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 12531 предмети, а останале 7571 незавршени предмети, со што приливот е совладан.

### СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2024 година, судот имал во работа вкупно 2965 предмети, од кои во извештајната година се решени 2951 предмет, а останале нерешени 14 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

#### Кривичен оддел

**- Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал, кривични предмети - деца и прекршочни предмети**

Во кривичниот оддел во извештајната година, вкупно во работа имало 1583 кривични предмети (КЖ) од кои 387 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1180 предмети се новопримени и 16 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 1308 предмети, што значи дека приливот е совладан, а на крајот на годината останале нерешени 275 предмети.

Во однос на претходната година, кога судот имал во работа вкупно 1631 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 48 предмети. Приливот на новопримени предмети е поголем за 135 предмети во однос на претходната година, кога се примени 1061 предмети. Бројот на решени кривични предмети е зголемен за 64 предмети. Во однос на претходната година кога се решени 1244 предмети, во извештајната година бројот на нерешени кривични предмети е намален за 112 предмети, односно останале нерешени 275 предмети.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал (КОКЖ), во кој во работа имало вкупно 196 предмети, од кои 136 предмети се новопримени, 4 предмети се повторно заведени во работа, а 56 предмети се нерешени од претходната година. Од вкупниот

број на предмети во работа решени се 161 предмет, а како нерешени останале 35 предмети што значи дека е совладан приливот.

Во однос на претходната година, кога судот во работа имал вкупно 236 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 40 предмети, приливот е за 38 предмети помал во однос на претходната година кога биле примени 178 предмети.

Бројот на решени КОКЖ предмети во извештајната година е намален за 19 предмети, а во одос на претходната година биле решени 180 предмети. Во извештајната година бројот на нерешени предмети е намален за 21 предмет, односно останале нерешени 35 предмети.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривични предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 33 предмети, од кои 27 се новопримени предмети, 6 се предмети нерешени од претходната година, до крајот на извештајната година решени се 22 предмети, а нерешени останале 11 предмети.

Во однос на претходната година, судот имал во работа вкупно 35 предмети, а во извештајната година обемот на работа е намален за 2 предмети, приливот на нови предмети е помал за 2 предмети во однос на претходната година кога биле примени 29 предмети.

Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 7 предмети, во однос на претходната година кога биле решени 29 предмети. Во извештајната година бројот на нерешени предмети е зголемен за 5 предмети, односно останати се нерешени вкупно 11 предмети.

Во рамките на овој оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочните предмети (ПРКЖ). Во текот на 2024 година во работа имало вкупно 3644 предмети, од кои 2033 предмети се новопримени предмети, 2 предмети се повторно заведени во работа, 1609 предмети се пренесен од претходната година. Судот решил 3068 предмети, односно го совладал приливот, а на крајот на годината останале нерешени 576 предмети.

Во однос на претходната година судот имал во работа 3592 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 52 предмети. Бројот на решени предмети е е зголемен за 1085 предмети во однос на претходната година кога се решени 1983 предмети, нерешени се 576 предмети кој  остаток на крајот на 2024 година,  претставува намалување  за 1033 предмети во однос на бројот на нерешени предмети на крајот на претходниот извештаен период.

Во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавени правни средства биле 107 одлуки за

кривични предмети на Апелациониот суд Скопје, што претставува 1,82% од вкупниот број 5877 донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 92 биле потврдени, односно 1,57% од вкупно решени предмети, 13 одлуки биле укинати, односно 0,22% од вкупно решените предмети и 2 одлуки или 0,03% од вкупно решените предмети се преиначени.

**Граѓански оддел**

Во текот на 2024 година судот имал во работа вкупно 7123 граѓански предмети од кои 3310 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, 3789 предмети се новопримени, од кои 3 се погрешно заведени, 27 предмет се повторно во работа, при што судот вкупно решил 3409 предмети, односно не го совладал приливот, а на крајот на годината останале нерешени 3714 предмети.

Во однос на претходната година, кога во овој оддел во работа имало вкупно 6278 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 845 предмети. Притоа, приливот во извештајната година е зголемен за 271 предмет во однос на претходната година, кога биле примени 3518 предмети. Зголемен е и бројот на решени предмети во извештајната година и тоа за 441 предмети повеќе во однос на претходната година. Бројот на останати предмети во работа на крајот на извештајната година е зголемен за 404 предмети во однос на 3310 предмети кои биле останати на крајот од 2023 година.

Во рамки на граѓанскиот оддел функционира ТСЖ совет кој постапува по предмети од трговски спорови од уписникот ТСЖ поради неможност во судот да се формира Оддел за трговски спорови. Во текот на извештајната 2024 година, во работа имало вкупно 2278 предмети, од кои 863 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, 1395 предмети се новопримени и 20 предмети биле повторно во работа. Во извештајната година судот решил 1323 предмети, а на крајот на годината останале 955 нерешени предмети.

Во однос на претходната година, кога судот имал во работа 2486 предмети, во извештајната година обемот на работата е намален за 208 предмети. Приливот на предмети во извештајната година е намален за 420 предмети во однос на претходната година, кога вкупно биле примени 1835 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 300 предмети во однос на претходната година кога биле решени 1623 предмети. На крајот на извештајната 2024 година останале 995 предмети, што е за 92 предмети повеќе во однос на претходната година, кога останале незавршени 863 предмети.

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавени правни средства се 257 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, односно 5,43% од вкупниот број 4732 донесени одлуки во извештајната година, од кои 182 одлуки, односно 3,85% од вкупно решените предмети се потврдени, 55 одлуки, односно 1,16 % се укинати и 20 одлуки, односно 0,42% се

преиначени. Од 257 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 182 одлуки, односно 70,82% се потврдени, 55 одлуки односно 21,40% се укинати и 20 одлуки односно 7,78% се преиначени.

Од вкупно решени 3405 „ГЖ“ предмети постапката до 1 месец траела во 1078 предмети, до 2 месеца во 118 предмети, до 3 месеци во 39 предмети, од три до 6 месеци во 61 предмет и над 6 месеци во 2109 предмети.

Од вкупно завршените 1323 „ТСЖ“ предмети од областа на трговските спорови постапката до 1 месец траела во 254 предмети, до 2 месеца во 77 предмети, до 3 месеци во 37 предмети, од три до 6 месеци во 157 предмети и над 6 месеци во 798 предмети.

**Оддел за работни спорови**

Во текот на 2024 година одделот имал вкупно во работа 3874 предмети, од кои 1810 предмети биле пренесени од претходната година (од кои 1 предмет е погрешно заведен), 2060 предмети се новопримени (од кои 1 предмет е погрешно заведен) и 6 предмети се повторно во работа, така што решени се вкупно 1922 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 1952 предмети.

Во однос на претходната година, судот во работа имал вкупно 4082 предмети. Во извештајната година обемот на работа е намален за 208 предмет, приливот е намален за 691 предмети во однос на претходната година, кога биле примени 2757 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 350 предмети, во однос на претходната година кога биле решени 2272 предмети. Бројот на предмети останати во работа е зголемен за 142 предмети, во однос на 1810 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2023 година.

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавени правни средства биле 58 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, односно 3,01% од вкупниот број 1.922 донесени одлуки во извештајната година, од кои 48 одлуки, односно 2,50% од вкупно решените предмети се потврдени, 6 одлуки, односно 0,31% од вкупно решените предмети се укинати и 4 одлуки или 0,20 % од бкупно решените предмети се преиначени.

Од вкупниот број на решени предмети 58 по вонредни правни лекови, потврдени се 48 предмети, односно 82,76%, укинати се 6 предмети, односно 10,34% а 4 одлуки односно 6,90% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени .

Од вкупно решени 1922 РОЖ предмети од областа на работни спорови постапката до 1 месец траела во 23 предмети, до 2 месеца во 22 предмети, до 3 месеци во 19 предмети, од 3 до 6 месеци во 87 предмети и над 6 месеци во 1.771 предмети.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2024 година, судот имал вкупно во работа 10.814 стари предмети, од кои 4018 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 6796 предмети во текот на извештајната година поминал периодот од 6 месеци од прием на на предметот во судот. Во судот вкупно биле решени 6693 стари предмети, на крајот на годината останале 4121 нерешени стари предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Согласно со актот за систематизација и одлуката бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на Република Македонија, утврдено е во Апелациониот суд Скопје, судиската функција да ја вршат претседател и 51 судија, меѓутоа судот во текот на извештајната година, функционирал во нецелосен состав.

Календарската 2024 година, судот ја започнал со 28 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот со тоа што 8 судии за кои беше извршен избор во 2023 година започнале да ја извршуваат судиската функција во Судот. На двајца судии во извештајната година им престанала судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија. Од 19.12.2024 година на еден судија му мирува судиската функција во судот поради избор за член на Судскиот совет на РСМ со што на крајот од извештајната година во Апелациониот суд Скопје имало 33 судии.

На почетокот на извештајната година, во судот имало 118 судски службеници. Во извештајната година во судот не биле реализирани нови вработувања ниту пак унапредувања. Во текот на 2024 година на двајца судски службеници им престанал работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија, на еден судски службеник му престанал работниот однос поради исполнување на услови за инвалидска пензија, на двајца судски службеници им престанало вработувањето по сопствено барање и на еден вработен поради смрт. Извештајната 2024 година судот ја завршил со 112 вработени во судската служба.

Апелациониот суд Скопје е сместен во сопствена зграда која е изградена во 1960-та година. Во извештајната година како и подолг период наназад, просторните капацитети не задоволуваат за вршење на работите од својата надлежност, со оглед дека во истата зграда функционираат и други институции кои заземаат голем дел од просторот.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 20102 предмети, која бројка ја сочинуваат:

- 8088 предмети пренесени како незавршени од претходната година,

- 11945 новопримени предмети

- 75 предмети повторно во работа

- 6 предмети погрешно заведени

Во текот на извештајната година, од вкупниот број предмети во работа, судот решил 12531 предмети, а останале нерешени 7571 предмети.

Во извештајната година Апелациониот суд Скопје се оценува за **ажурен суд**. Судот го совладал приливот, така што од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд 20102 предмети, решени се вкупно 12531 предмети.

Во текот на извештајната година, од вкупниот број на решени предмети и бројот на судии кои постапувале, се констатира дека судот постапувал со засилен ангажман, има надминување на ориентационата норма, завршени се голем број на предмети. Судот функционирал во просек со 33 судии, односно со непотполен состав, а решени се голем број на предмети.

За поефикасно и поажурно работење на судот, неопходно е да се вложат напори да се реши заостатокот на нерешените предмети од претходната година и приливот на новопримени предмети. Во одделот за работни спорови да се вложат засилени напори да се совлада приливот и да се намали времетраењето на постапката на одлучување по РОЖ предметите во кој оддел голем дел од предметите се решаваат за повеќе од 6 месеци. За прекршочните предмети да се преземат мерки за решавање на незавршените предмети, со посебно внимание на рокот за застареност. Во предметите од областа на трговските спорови да се вложат напори за совладување на приливот, да се намали заостатокот и да се намали времето за одлучување. Да се решат старите предмети и Исто така, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција, како и екипирање на судот со нови вработувања во судската служба согласно со актот за систематизација.

## ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот кривичен суд Скопје е Кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје (општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново) и

суд во кој е формирано специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Северна Македонија.

Судот ја започнал годината со 24.724 предмети, а во работа примил 114.139 нови предмети, 851 предмети повторно земени во работа и 5 погрешно заведени предмети, вкупно во работа имал 139.709 предмети. Од вкупниот број на предмети во работа решил 118.792 предмети, а нерешени останале 20.917 предмети.

Според податоците Основниот кривичен суд Скопје во извештајната 2024 година го совладал приливот и го намалил заостатокот. Од вкупниот број на предмети во работа решил 85,02% од предметите. Според податоците Основниот кривичен суд Скопје во 2024 година се оценува за ажурен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работењето на судската управа, има 137 нерешени предмети на почетокот на годината, новопримени во текот на 2024 година биле 2.427 предмети, погрешно заведени нема. Вкупно во работа 2.564 предмети, решени 2.415 предмети, а останале нерешени 149 предмети.

Од вкупниот број на решени 26.704 предмети, потврдени се 2.319 предмети, односно 8,68%, укинати се 426 предмети, односно 1,59% и преиначени 434 предмети, односно 1,62%.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА**

**Оддел за кривично полнолетни**

Во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно 1.707 предмети, новопримени биле 5.577 предмети, повторно во работа биле 386 предмети, погрешно заведени биле 2 предмети, вкупно во работа биле 7.668 предмети, решени 6.122 предмети, а останале нерешени 1.546 предмети.

Квалитетот на предметите во Одделот за кривично полнолетни е следниот: од вкупниот број на решени 5.898 предмети, потврдени биле 738 предмети, односно 12,51%, укинати 111 предмети, односно 1,88%, преиначени 155 предмети, односно 2,62%.

**Оддел за кривично организиран криминал**

Во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно 233 предмети, новопримени биле 2.279 предмети, повторно во работа биле 132

предмети, погрешно заведен бил 1 предмет, вкупно во работа биле 2.643 предмети, решени 2.472 предмети, а останале нерешени 171 предмети.

Квалитетот на предметите во Одделот за кривично организиран криминал е следниот: од вкупниот број на решени 2.283 предмети, потврдени биле 404 предмети, односно 17,69%, укинати 35 предмети, односно 1,53%, преиначени 50 предмети, односно 2,03%.

**Оддел за кривично малолетни**

Во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно 134 предмети, новопримени биле 469 предмети, повторно во работа биле 2 предмети, нема погрешно заведени предмети, вкупно во работа биле 605 предмети, решени 378 предмети, а останале нерешени 227 предмети.

Квалитетот на предметите во Одделот за кривично малолетни е следниот: од вкупниот број на решени 93 предмети, потврдени биле 6 предмети, односно 6,45%, укинати 2 предмети, односно 2,15% и преиначени  предмети нема.

**Оддел за прекршоци**

Во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно 17.748 предмети, новопримени биле 14.416 предмети, повторно во работа биле 308 предмети, погрешно заведен бил 1 предмет, вкупно во работа биле 32.471 предмети, решени 18.304 предмети, а останале нерешени 14.167 предмети.

Квалитетот на предметите во Одделот за прекршоци е следниот: од вкупниот број на решени 18.304 предмети, потврдени биле 1.050 предмети, односно 5,73%, укинати 280 предмети, односно 1,52%, преиначени 214 предмети, односно 1,16%.

**Оддел за истрага и претходна постапка**

Во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно 28 предмети, новопримени биле 1.576 предмети, повторно во работа биле 20 предмети, нема погрешно заведени предмети, вкупно во работа биле 1.624 предмети, решени 1.559 предмети, а останале нерешени 65 предмети.

За квалитетот на предметите во Одделот за истрага и претходна постапка нема податоци.

**Оддел за извршување санкции**

Во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно 4.623 предмети, новопримени биле 31.712 предмети, погрешно заведен 1 предмет, вкупно

во работа биле 36.334 предмети, решени 32.845 предмети, а останале нерешени 3.489 предмети.

За квалитетот на предметите во Одделот за извршување санкции нема податоци.

**Одделение за кривична и казнена евиденција и замолници**

Во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината биле вкупно 114 предмети, новопримени биле 55.686 предмети, нема погрешно заведени предмети, вкупно во работа биле 55.800 предмети, решени 54.697 предмети, а останале нерешени 1103 предмети.

За квалитетот на предметите во ова Одделение нема податоци.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно 1.836 стари предмети, во текот на 2024 година решени се 1029 предмети, а останале нерешени 807 предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Просторните капацитети во новата судска зграда задоволуваат. Информатичката опрема и технологија е современа и инсталирана, а само 1 голема судница нема опрема за аудио снимање.

Во 2024 година, како и 3 години наназад судот се соочил со одредени недостатоци и нефункционалности на современата опрема и технологија и потребни се парични сретства за одржување.

Во Основниот кривичен суд Скопје во 2024 година има вкупно 313 вработени, од кои 235 се судски службеници, 12 лица вршат технички и помошни работи и 19 лица се припадници на судска полиција.

Во текот на 2024 година во овој суд биле остварени 25 вработувања во судска служба со договор на определено време. Во текот на 2024 година бил реализиран 1 јавен оглас за вработување на 4 судски службеници на неопределено време.

По интерен оглас за унапредување биле унапредени 10 судски службеници.

Во 2024 година вработувањето престанало на 16 судски службеници, од кои на 9 поради исполнување на услови за старосна пензија, на 6 им престанало вработувањето на нивно барање, а 1 судски службеник со превземање заминал во

друг суд. Основниот кривичен суд Скопје има огромен недостаток на човечки ресурси. Во 2024 година судот не добил согласност за ниту едно вработување.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Основниот кривичен суд Скопје го совладал приливот и го намалил заостатокот и решил 85,02% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и се оценува за **ажурен суд.** За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети, предметите во прекршочниот оддел, во кривично малолетни и во одделот за извршување санкции и да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот.

## ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година на ниво на суд во работа биле вкупно 49077 предмети, од кои решени се 27668 предмети, додека 21409 се водат како нерешени.

Квалитетот на предмети на ниво на суд е следен: Вкупно решени предмети се 15948 од кои потврдени се 3110 односно 19,50 %, укинати 536 односно 3.36%, делумно укинати 128 односно 0.80%, преиначени 317 односно 1.99%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Вкупно во работа биле 7547 стари нерешени предмети, од кои се решени 2876 остануваат нерешени 4671 предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

На крајот на 2024 година, Основниот граѓански суд Скопје ја извршувал својата функција со 56 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, 1 судија времено бил упатен од Основен суд Крива Паланка, на 1 судија функцијата му е во мирување поради упатување на брачниот другар надвор од државата, на 1 судија местото му е во мирување поради времено упатување во Основен суд Струга, што претставува значително помал број на судии од предвидените 77 судии.

На 1 судија од 06.02.2024 година му престанала функцијата поради избор во Државна Комисија за спречување на корупцијата.

Во текот на 2024 година на 2 судии им престанала судиската функција поради исполнување на условите за старосна пензија (01.03.2024 и 17.10.2024 година).

Со Правилникот за систематизација на работните места во судот се предвидени вкупно 581 работни места од кои 1 место е предвидено во Категоријата А – судски администратор, 9 работни места во Категоријата Б – раководни судски службеници,157 работни места се предвидени во Категоријата В – стручни судски службеници, 367 работни места се предвидени во Категоријата Г – помошно-стручни судски службеници, 12 работни места се предвидени за судската полиција и 35 вработени кои вршат технички и помошни работи во судот.

На крајот на 2024 година, Основниот граѓански суд Скопје располагал вкупно 221 вработени во судската служба. Од вкупниот број 2 биле вработени на определено време.

Во однос на просторните капацитети во Извештајот генерално се нотираат недостатоци во однос на просторни капацитети за архивирање на предметите.

Во контекст на просторните капацитети, овој суд нема просторни можности за преземање на нотарската архива на чување. Просторот кој во зградата се користи како пасивна архива е целосно пополнет, па доколку биде преземена архивата на нотар на кој му престанал службата, истата не би можела да се чува во просторот за таа намена, односно на начин предвиден со прописите кои ја регулираат оваа материја.

Судот оваа обврска во текот на 2024 година не ја исполнил, бидејќи просторот за таа намена (пасивна архива) е искористен. За оваа проблематика (обврските од член 18 од Законот за Нотаријатот) е известен Судскиот совет и Министерството за правда на РСМ.

Во однос на архивските просторни можности, потешкотии се забележани и во однос на просторот за чување на предмети за кои постапката е во тек како и решените предмети, за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање. За оваа цел, во тек е постапка за преземање на конкретни активности, преку приспособување на простор во горните катови во холот на зградата и приземјето. Но и покрај преземените активности судот се соочува со недостаток на простор за чување на предметите.

Во извештајниот период е направена замена на вентилоконвекторите на системот за греење и ладење на судската зграда.

Во судот се употребува АКМИС и СРС ФЕМИДА, софтверски апликации како основни апликации за работа на судот со судските предмети.

Целосно е во функција новиот сервер е извршена целосна миграција од стариот на новиот сервер. Во 2024 година се набавени 230 нови персонални компјутери паради итни потреби.

Во однос на информатичката технологија се нотира потребата од воспоставување на процедура за backup и за тонските записи, кои во моментот се зачуваат покрај на ЦД медиум и локално на работната страница, за безбедно чување на содржините. За оваа намена потребно е набавка на посебен data storage, каде ќе се врши backup на сите тонски записи.

Истотака се нотира потребна од надградба на АКМИС системот и во врска со електронската достава. За оваа проблематика судот го известил Работното тело за унапредување и стандардизација на постапките при Врховен суд на РСМ.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот граѓански суд Скопје се оценува за **неажурен суд** и не го совладал приливот на предмети. Од вкупно 28069 новопримени предмети, решени се 27.668 предмети. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Да се преземат мерки и активности за решавање на нерешените предмети. За таа цел покрај потребата од зголемување на ажурноста на судиите потребно е доекипирање на судот во однос на потребниот број на судии и пополнување на предвидените места во судската служба и останатиот персонал. Исто така, потребно е да се преземат мерки за реорганизација на просторните можности со цел исполнување на законските обврски во однос на архивирањето на предметите. Потребно е да се преземат и активности за унапредување на системот за електронска достава и другата технологија за потребите наведени во Извештајот.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Велес, од претходната година останале нерешени вкупно 2.488 предмети, новопримени се 19.976 предмети, 233 предмети се повторно во работа, 3 предмети погрешно заведени или вкупно во работа биле 22.694 предмети.

Во текот на извештајната година се решени 20.237 предмети, а 2.457 предмети останале нерешени.

## СУДСКА УПРАВА

Во извештајниот период од предмети во Судска управа имало нерешени 9 предмети, новопримени се вкупно 1.169 предмети и од вкупно во работа 1.178 решени се 1.175, а останале нерешени 3 предмети, од кои: во уписникот СУ-07 имало нерешени 8 предмети, новопримени се 1.091 предмети и од вкупно во работа од 1.099 решени се 1.096, а останале нерешени 3 предмети, во уписник СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ новопримени се 7 предмети и сите се решени, во уписник СУ-ИЗЗ новопримени се 48 предмети и истите се решени, во уписник УПП новопримени се 1предмет и истиот е решен и во уписник СПИ останал нерешен 1 предмет, новопримени се 22 предмети и од вкупно во работа 23 предмети, сите биле решени. Според наведените податоци бројот на нерешени предмети од судска управа е намален за 6 предмети.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

Работата во Основниот суд Велес како суд со проширена надлежност во извештајниот период била организирана во два судски оддели и тоа Кривичен и Граѓански судски оддел.

### Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел постапувале 7 судии од кои двајца постапувале и по останати предмети од одделни уписници од Граѓанскиот оддел.

Во Кривичниот оддел на почетокот на 2024 година останале нерешени 1.724 предмети, новопримени се 15.802 предмети, повторно заведени се 146 предмети, погрешно заведени се 2 предмети, новопримени во работа 15.946 предмети и вкупно во работа биле 17.670 предмети. Во извештајниот период се решени 16.119 предмети, а останале нерешени 1.551 предмети.

Согласно податоците за примени и решени предмети совладан е приливот за 173 предмети, односно намален е заостатокот за 173 предмети.

### Граѓански оддел

Во Граѓанскиот оддел во текот на 2024 година постапувале 5 судии, а до 15.01.2024 година постапувал уште еден судија, или вкупно 6 судии.

Во Граѓанскиот оддел на почетокот на 2024 година останале нерешени 764 предмети, новопримени се 4.174 предмети, повторно заведени се 87 предмети, погрешно заведен 1 предмет, вкупно примени во работа 4.260 предмети и од вкупно во работа 5.024 предмети, решени се 4.118 предмети, а останале нерешени 906 предмети.

Согласно податоците за примени и решени предмети не е совладан приливот за 142 предмети, односно зголемен е заостатокот за 142 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на оддел е следен: На ниво на Кривичен оддел квалитетот на предметите по жалба е пресметан на вкупно решените 4.096 предмети. Потврдени се 478 предмети или 11,7%, укинати се 127 предмети или 3,1%, преиначени се 192 предмети или 4,7%.

На ниво на Граѓански оддел квалитетот на предметите е пресметан на вкупно решените предмети од 1.053 предмети, во кои се вклучени и предметите повторно во работа. Потврдени се 223 предмети во жалбена постапка или 21,2% предмети, укинати се 42 предмети или 4% и преиначени се 19 предмети или 1,8%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Велес на почетокот на 2024 година останале нерешени 137 стари предмети, новопримени се 226 предмети кои добиле статус на стари предмети и од вкупно во работа 363 предмети, решени се 192 предмети, а останале нерешени 171 предмет, од што произлегува дека е зголемен заостатокот за 34 предмети, односно не е совладан приливот за 34 предмети.

На ниво на Кривичен оддел во почетокот на 2024 година останале нерешени 16 стари предмети, новопримени се 86 и од вкупно во работа 102 предмети, решени се 78 предмети, а останале нерешени 24 предмети. Согласно наведените податоци не е совладан приливот за 8 предмети, односно за ист толкав број од 8 предмети е зголемен заостатокот.

На ниво на Граѓански оддел во почетокот на 2024 година останале нерешени 48 предмети, новопримени се 91 предмет и од вкупно во работа од 139 предмети, решени се 84 предмети, а останале нерешени 55 предмети. Согласно наведените податоци не е совладан приливот за 7 предмети, односно за ист толкав број од 7 предмети е зголемен заостатокот.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Со Одлука на Судскиот совет на РСМ од 26.11.2015 година, утврдено е судската функција во овој суд да ја извршуваат 18 судии.

Основниот суд Велес до 14.01.2024 година својата функција како првостепен суд со проширена надлежност ја извршувал со пополнети 14 судиски места, а од 15.01.2024 година со пополнети 12 судиски места заедно со местото Претседател на

судот. Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Основниот суд Велес се предвидени 117 работни места, а на крајот на годината биле пополнети 47 работни места.

Со годишниот план за вработување било предвидено вработување на 6 судски службеници и двајца работници, како и четири унапредувања на судски службеници. По одобрениот Годишен план за вработување за 2024 година, било поднесено барање за одобрување на финансиски средства до Министерството за финансии, но од истото било доставено известување на 22.10.2024 година дека не се обезбедени финансиски средства за вработување и напредување на судски службеници за 2024 година.

За 2024 година на судот му биле одобрени средства за вработување на 4 судски службеници на определено време и по објавен оглас се склучени договори за вработување на определено време од 08.02.2024 до 31.12.2024 година. На секој судија во 2024 година му бил распореден стручен судски службеник, со тоа што во зависност од обемот на предмети во работа, дел од судските службеници работеле и со двајца судии. Во 2024 година доставата ја вршеле 4 судски доставувачи.

Зградата во која работи судот е реновирана и е во добра состојба, а судиите и судската администрација ги извршуваат работните задачи во просторни услови кои ги задоволуваат стандардите. Секој судија има своја канцеларија, а по двајца стручни судски службеници се сместени во една канцеларија, додека расправите и рочиштата по предметите се одржуваат во 8 опремени судници.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од наведените податоци за новопримени предмети и предмети повторно во работа и број на решените предмети може да се заклучи дека во извештајната 2024 година Основниот суд Велес го совладал приливот за 31 предмет, односно го намалил заостатокот за 31 предмет и судот се оценува за **ажурен суд**. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Намалување на бројот на стари предмети; кадровско екипирање на судот со потребен број на вработени во судска служба и континуирана едукација на судиите и вработените во судот.

## <u>ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА</u>

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово е суд со проширена надлежност. Судот ја започнал 2024 година со 464 предмети од

претходната година. Во работа примил 10 685 нови предмети и со 79 предмети повторно земени во работа, вкупно во работа имал 11 228 предмети. Од нив решени се 10 789 предмети, а нерешени останале 439 предмети. Со тоа, Судот успеал до совлада 96 % од вкупниот број на предмети во работа, а останале незавршени 4 % од предметите. Овој Суд, успеал да го совлада приливот на предмети и да реши 25 предмети од заостатокот од претходната година, со што овој суд останал ажурен.

## СУДСКА УПРАВА

Во судската управа, како предмети во соодветни уписници постапувано е по 693 предмети и решени се сите 693 предмети. Судската управа е раководена од Претседателот на судот.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

Работата на Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово е организирана во Кривичен оддел и Граѓански оддел. Судот покажал високо ниво на квалитет во работењето. На ниво на судот во извештајната 2024 година, од вкупно 10 789 завршени предмети, решени се 3065 предмети кои завршиле со право на жалба, од кои потврдени се 206 предмети или 6,72% од вкупно решените предмети кои биле обжалени, укинати се 57 предмети или 1,86% од вкупниот број на предмети кои биле обжалени, а 23 предмет или 0,75% од вкупниот број на предмети кои биле обжалени биле преиначени. Состојбата со предметното работење по оддели е следната:

### Кривичен оддел

На почетокот на 2024 година имало заостаток од 97 предмети. Примени се нови 7 395 предмети, а предмети кои биле повторно во работа биле 54, или вкупно во работа имало 7 546 предмети. Решени се 7450 предмети и останале за работа 96 предмети.

Во врска со квалитетот на работата на кривичниот оддел за 2024 година, од вкупно 2125 предмети кои биле решени во работа пред Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово, по жалба пред Апелациониот суд Скопје, потврдени биле 81 предмети или 3,76% од вкупниот број на предмети, укинати биле 39 предмети или 1,83% од вкупниот број на предмети и преиначени биле 17 предмети или 0,80% од вкупниот број на решените предмети.

### Граѓански оддел

На почетокот на 2024 година, во граѓанскиот оддел пренесени се како нерешени од претходната година 367 судски предмети, новопримени предмети во 2024 година се вкупно 2597 предмети, повторно од работа од граѓанска област биле

25 предмети, или вкупно во работа судот имал 2989 предмети од граѓанската област. Во текот на извештајната година вкупно биле решени 2646 предмети, а останале нерешени 343 предмети на ниво на граѓанскиот оддел.

Во однос на квалитетот на работа во граѓанскиот оддел Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел од вкупно 940 предмети по жалба пред Апелациониот суд Скопје, потврдени се 125 предмети –или 13,3 % од вкупно решените предмети, укинати се 18 предмети - или 1,2% од вкупно решените предмети, 6 предмети се преиначени или 0,64% од вкупно решените предмети.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на извештајната 2024 година судот постапувал по 81 стари нерешени предмети со пренесените 25 предмети од 2023 година, новопримени се 56 предмети, решени 53 предмети, со остаток на крајот на извештајната 2024 година од 28 предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во текот на извештајната 2024 година, судиската функција во Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово ја извршувале осум судии иако со Одлука на Судски совет на РМ утврдени се места за 13 судии кои треба да ја извршуваат судиската функција како во граѓанска така и во кривична материја. На крајот на извештајната година му престанал мандатот на Претседателот на судот, така што Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово годината ја завршил со седум судии.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово планирани се 129 работни места а пополнети се 41 работно места. Имено, во судот работи еден Судски администратор, од 10 планирани раководни судски службеници, пополнети се вкупно 3. од предвидени 26 судски службеници, пополнети се 5 работни места, од предвидени 66 помошно стручни судски службеници пополнети се 23 работни места, од судска полиција за планирани 14 работни места пополнети се 5 работни места а од групата вработени по општите прописи од предвидени 12 работни места пополнети се 2 работни места.

Постои нагласена потреба од пополнување на судиските места и местата во судската администрација во Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово.

Во текот на 2024 година од страна на судиите и судските службеници во Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово биле реализирани дел од обуките согласно Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители.

Сепак извештајниот период во Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово го одбележало максималното ангажирање од страна на судиите и судските службеници.

По однос на просторните капацитети и информатичката технологија во извештајната 2024 година, Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово работите ги извршува во судска зграда во која просторот го дели со Основното јавно обвинителство Гевгелија и Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Гевгелија.

По однос на информатичката технологија судот располага со персонални компјутери со различни перформанси и степен на амортизација, па затоа има потреба од 6 нови компјутери и 8 принтери. Во функција е и електронската достава на покани, записници и одлуки до регистрираните адвокати, нотари, извршители и адвокатски друштва. Непречено се применувале сите модули на АКМИС и АБМС системите.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Со намален број на судии и судски службеници, Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово во однос на предметното работење покажал високо квалитетни резултати и се оценува за **ажурен суд** во извештајната година.

Статистичките податоци во врска со квалитетот на работата покажуваат дека овој суд се одликува со висок процент на необжалени одлуки, и висок процент на обжалени но потврдени одлуки од повисоките судови. Овие показатели укажуваат дека се работи за суд со високо квалитетни резултати во работењето. Приливот на предмети бил совладан и намален бил бројот на заостанати предмети од претходната година, што го прави овој суд ажурен.

Потребно е во периодот што следи кадровски да се зајакне Судот со судии и судски службеници. Иако извештајниот период го одбележало максималното ангажирање од страна на судиите и судските службеници, неопходно е што побрзо вработување на судии и судски службеници.

Просторните услови на судот се незадоволителни, и со тек на време мора да се вложат напори за подобрување на просторното сместување. Имено, покрај судот, во истиот објект се сместени ОЈО Гевгелија и Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Гевгелија. Неопходно е што побрзо

за Основниот суд Гевгелија со судско одделение во Валандово да се набавам 6 нови компјутери и 8 принтери.

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година во Основниот суд Кавадарци, нерешени од претходната година биле 769 предмети. Новопримени биле 11.445 предмети, повторно во работа биле 122 предмети, погрешно заведени 4 предмети, вкупно во работа биле 12.332 предмети, решени биле 11. 579 предмети, а останале нерешени 753 предмети.

Квалитет на работа на ниво на судот е следен: од 11.579 решени предмети потврдени биле 282 односно 2.43%, укинати се 49 односно 0.42%, преиначени се 24, односно 0.20%.

### СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2024 година новопримени предмети биле 411, вкупно во работа биле 411 предмети, решени биле 411 предмети, останале нерешени 0 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети на почетокот на годината останале 294 предмети, новопримени биле 7.844 предмети, предмети повторно во работа биле 69, погрешно заведени 2, вкупно во работа 8.205 предмети, решени биле 7.832 предмети, а останале нерешени 373 предмети.

Квалитет на предмети на ниво на оддел е следен: Решени предмети биле 7.832 предмети, потврдени биле 131 или 1,67%, укинати биле 28 или 0,35%, а преиначени биле 8 или 0,10%.

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети на почетокот на годината останале 473 предмети, новопримени биле 3.192 предмети, предмети повторно во работа биле 53, погрешно заведени 2, вкупно во работа 3.716 предмети, решени биле 3.336 предмети, а останале нерешени 380 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на оддел е следен решени предмети биле 3.336 предмети, потврдени биле 151 или 4,52%, укинати биле 21 или 0,62%, а преиначени биле 16 или 0,47%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во почетокот на извештајната година во судот вкупно во рабата имало 28 предмети во работа кај судиите и 10 оставински предмети во работа кај нотарите како повереници на судот или вкупно 38 стари нерешени предмети. Судот ја завршил годината со 49 стари предмети од кои во работа се 32 предмети и 17 оставински предмети дадени во работа на нотарите. Во кривичниот оддел како стари нерешени предмети останале 16, а во граѓанскиот оддел исто така останале 16 предмети. За решавање на старите предмети судиите доставиле програми за нивно решавање.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Кавадарци работите од законската надлежност во 2024 година ги извршувал со 6 судии. Еден судија со решение на Судскиот совет е времено оддалечен од извршување на судиската функција, така што останале 5 судии, од кои 1 е ВД Претседателот на судот. Ваквата состојба преставува исклучително отежнителна околност во работењето и одржувањето на ажурноста и ефикасноста на судот. По барање на судот од октомври месец 2024 година биле делегирани двајца судии од Основен суд Велес како членови на кривичниот совет. Просторните капацитети се задоволително ниво, но потребно е реновирање и реконструкција на подрумските простории, како и на целата зграда со обнова на фасадата со вградување на енергетски ефикасни материјали. Потребни се средства за изградба на лифт кој е потребен како пристап на лицата со попреченост.

Информатичката опрема во судот е релативно добра, бидејќи добар дел од компјутерите се веќе замените, но нема нови компјутери на залиха, серверот е во функционална состојба, печатачите се во релативно добра состојба, но нема нови печатачи на залиха. Ургентно им е потребна набавка на нова телефонска централа и соодветен број на нови телефонски апарати.

Во судот има 6 судии и 33 вработени во судската служба и тоа ја отежнува работата на судот, бидејќи по систематизација се предвидени 10 судиски места вклучително и Претседателот на судот. Иако судот работи со проширена надлежност од 2020 година сеуште не е изменета систематизацијата за бројот на судиски места. Сеуште не е пополнето работното место судски администратор, како и други потребни работни места.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Кавадарци во текот на 2024 година успеал да го совлада приливот за 134 предмети и да го намали бројот на нерешени предмети од претходната година, поради што во 2024 година се оценува за **ажурен суд**. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Избор на судии; вработување на судски службеници и обезбедување финансиски средства за одржување на судска зграда и за набавка на дополнителна информатичка опрема и поставување на лифт за лицата со попреченост.

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Кратово од претходната 2023 година останале нерешени вкупно 221 предмети, а новопримени во текот на 2024 година биле 2.979 предмети, 30 предмети повторно биле во работа, нема погрешно заведени предмети, така што вкупниот број на предмети во работа во 2024 година бил 3.230 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2024 година биле решени 3.016, а останале нерешени 214 предмет. Со оглед на наведените податоци во извештајната 2024 година Основниот суд Кратово го совладал приливот и решил 93,37% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и се оценува како ажурен суд.

Квалитет на предметите на ниво на суд е следен: Од вкупниот број на решени 3.016 предмети, потврдени се 60 предмети, односно 1,98%, укинати се 26 предмети, односно 0,86%, преиначени 7 предмети, односно 0,23%, делумно укинати 1 предмети, односно 0,03% и отфрлени нема.

### СУДСКА УПРАВА

Во работењето на судската управа, нема нерешени предмети на почетокот на годината, новопримени во текот на 2024 година биле 442 предмет, погрешно заведени нема. Вкупно предмети во работа 442 и сите биле решени.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

### Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Кратово од претходната извештајна година останале нерешени 81 предмети, новопримени биле 1.943 предмети, 9 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 2.033 предмети, од кои решени биле 1.945 предмети, а останале нерешени 88 предмет.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 1.945 предмети, потврдени биле 18 предмети, односно 0,92%, укинати 8 предмети, односно 0,41%, преиначени 6 предмети, односно 0,30% и отфрлени нема.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Кратово за 2024 година нема податоци за предмети во Прекршочниот оддел.

### Граѓански оддел

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Кратово од претходната извештајна година останале нерешени 140 предмети, новопримени биле 594 предмети, 21 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 755 предмети, од кои решени биле 629 предмети и останале нерешени 126 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 629 предмети, потврдени биле 42 предмети, односно 6,67%, укинати 18 предмети, односно 2,8%, преиначени 1 предмет, односно 0,15%, делумно укинати 1 предмет, односно 0,15% и отфрлени нема.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно 56 стари предмети, во текот на 2024 година решени се 25 предмети, нерешени 1 предмет парничен мала вредност, 1 предмет работни спорови и 29 оставински предмети. Оваа состојба е од причина што во општина Кратово бил именуван Нотар во февруари 2021 година, при што предметите кои биле доделени пред именувањето на нотарот во Кратово, биле доделени на постапување на Нотар во Куманово, така што дел од предметите се вратени на Нотарот во Кратово, меѓутоа дел од започнатите постапки останале на постапување кај нотарот во Куманово и не се решени.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на овој суд, во која за секој судија има канцеларија со работно биро и компјутер. Во судот има 2 судски сали за судење, а од кои само една сала е опремена за тонско снимање на рочиштата по граѓански предмети.

Во текот на 2024 година по претходно изработен проект за реновирање на судската зграда, по спроведена постапка за јавна набавка во 2023 година, целосно бил реализиран договорот за реновирање на фасадата на зградата за енергетски ефикасна фасада.

Заради подобрување на просторните услови во судот, потребно е:

- замена на внатрешни врати, кои се стари, дотраени и дрвени, кои немаат звучна и топлотна изолација;

- санација и адаптација на архивата, која е сместена во подрумски простории, при што кога има врнежи има вода и влага, нема изведено добра дренажа;

- набавка и инсталација на фотоволтаични панели на кров. Ова од причина што Основниот суд Кратово има парно кое работи на електрична енергија, кое не е економично, со многу високи сметки во зимскиот период;

- реновирање на санитарни јазли, скали и складишен простор за реновирање на внатрешниот дел на зградата. Ова од причина што постоечките се дотраени и амортизирани и е потребно нивно реновирање;

- набавка на канцелариски мебел, кој е стар и дотраен повеќе од 40 години;

- набавка на патничко моторно возило, што е најприоритетно, бидејќи судот располага со едно ПМВ произведено 1989 година, кое е дотраено со постојани дефекти, мора постојано да се носи на сервис, а трошоците за негово одржување се големи и е неисплатливо за одржување, небезбедно за патување, нема клима, ниту парно греење.

Во Основниот суд Кратово работата по судските предмети се одвива целосно во АКМИС програма, за кој судот нема никаква надлежност само е одговорна фирма за негово одржување.

Во Одделението за сметководство се користи АБМС-системот, кој има постојани проблеми при користењето од страна на овластените службеници, со целосно закочување на системот и неможност за навремено изготвување на

електронски налози за фактури за плаќање и навремено доставување до трезорот за реализација на обврските кои ги има судот кон доверителите. Неопходно е подобрување на оваа програма како не би се соочувале со проблеми во работењето.

За тонско снимање на рочиштата се користи СРС ФЕМИДА системот, односно софтверот за водење на тонски записи на рочиштата, за кој постои одговорна фирма за одржување и во 2024 година се инсталирала нова верзија.

Од техничка опрема за снимање 1 микрофон не функционира и истиот потребно е да се замени со соодветен, кој проблем е пријавен во надлежната фирма. Потребно е да се инсталира уште еден систем за тонско снимање во друга судница со цел да може да се исполни законската обврска за тонско снимање на рочиштата.

Во текот на 2024 година по спроведена групна јавна набавка во судот биле набавени 5 компјутери HP all in one PC.

Судот има оптички интернет од страна на Телесмарт, така што брзината на интернетот е подобрена.

Во текот на 2025 година судот очекува замена на сите компјутери што работат со Windows XP со нови компјутери со понови верзии. УПС системите во салите за тонско снимање е потребно да се обноват, бидејќи претставува ризик за тонското снимање и судењата, поради честите прекини на електрична енергија што може да доведе до загуба на податоците.

Во Основниот суд Кратово во 2024 година од предвидените 3 судиски места, пополнети се 2 судиски места, од кои 1 судија е избран како судија на Основен суд Куманово да ја врши функцијата Претседател на судот. Оттука, 2 судии постапувале по сите предмети во 2024 година од сите области за кои е надлежен судот.

На Претседателот на судот му истекол мандатот на 29.12.2024 година, па со Одлука на Судски совет на РСМ од 30.12.2024 година е определен истиот за Вршител на должност на Претседател на суд се до изборот на нов Претседател, за кој постапката е во тек.

Во извештајната 2024 година во Судот имало вкупно 13 вработени во судската служба, од кои само 8 вработени се на неопределено време и тоа 2 стручни судски службеници од категорија В, од предвидените 9 работни места. Од категорија Г пополнети се 6 работни места од предвидените 24. Од категорија Б од предвидените 8 работни места, не е пополнето ниту едно. Благајникот истовремено е и возач. Само 4 судски службеници се директвно поврзани со работа по судски предмети, од кои 2 се водители на писарница (граѓанска и кривична), 1 е дактилограф и 1 е судски советник, што е загрижувачки факт.

Од останатите вработени во судот, судска полиција се 4 вработени, од предвидените 6 и има само 1 хигиеничар.

Поради наведените состојби со човечки ресурси судот во наредната година ќе биде во многу неповолна состојба, со целосно блокирање на целиот суд, бидејќи нема доволно судски службеници.

Во текот на 2024 година немало ниту едно вработување во судот, од причина што од страна на Министерство за финасии не биле одобрени сретства за вработување на 7 судски службеници, иако за нив имало одобрение од Судско буџетски совет.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Основниот суд Кратово го совладал приливот и решил 93,37% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и се оценува за **ажурен суд.**

За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети; да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Годишниот план за вработување; Да се инсталира уште еден систем за тонско снимање во судот и подобрување на просторните капацитети во судот за заштеда на електрична енергија, за непречено одвивање на работата во Основниот суд Кратово.

## <u>ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА</u>

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Крива Паланка 2024 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2023 година од 1653 предмети. Во тековната 2024 година примени се нови 5446 предмети, повторно во работа 107, погрешно заведени 3 предмети или во работа биле вкупно 7206 предмети, од кои биле решени 5393, а нерешени останале 1813 предмети. Приливот не е совладан.

Квалитетот на предмети на ниво на суд е следен: Од вкупно решените предмети 1417, потврдени се 374 или 26,39%. Укинати се 54 или 3,81%, а преиначени 36 или 2,54%.

## СУДСКА УПРАВА

Судската управа 2024 година ја започнала со остаток од претходната 2023 година со 1 предмет. Во тековната 2024 година примени се 310 предмети, вкупно предмети во работа биле 311 предмети, од кои решени се 311, а нерешени предмети не останале.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

### Кривичен оддел

Кривичниот оддел 2024 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2023 година од 226 предмети. Во тековната 2024 година примени се нови 3783 предмети, повторно во работа 27 предмети, погрешно заведени 3 предмети, односно вкупно во работа биле 4036 предмети, од кои биле решени 3701, а нерешени останале 335 предмети. Приливот не е совладан.

Од вкупно решени 785 предмети, потврдени се 52 или 6,62%, укинати се 15 или 1,91 %, а преиначени се 20 или 2,54%.

### Граѓански оддел

Граѓанскиот оддел 2024 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2023 година од 1426 предмети. Во тековната 2024 година примени се нови 1353 предмети, повторно во работа 80 предмети, погрешно заведени предмети нема, односно вкупно во работа биле 2859 предмети, од кои биле решени 1381, а нерешени останале 1478 предмети. Приливот е совладан.

Од вкупно решените 632 предмети, потврдени се 322 или 50,95%, укинати 39 или 6,17% и преиначени 16 или 2,53 %.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Судот на ден 31.12.2024 година вкупно во работа имал **657** стари нерешени предмети по сите основи,од кои: 618 се оставински предмети (нотари), 1 вонпарничен предмет, 11 предмети од КУИКП ИКП ИПРК (извршни предмети), 1 прекршочен предмет, 25 парнични предмети и 1 кривичен предмет.

Од наведените податоци, произлегува дека има зголемување на бројот на стари нерешени предмети во однос на 2023 година за 201 предмет.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Судот 2024 година ја започнал со 27 вработени, но на крајот на 2024 година судот имал вкупно 15 вработени. На почеток на 2024 година судот имал 3 судии вклучувајќи го и претседателот на судот а во тековната 2024 година на еден судија му престанала судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија и еден судија времено бил упатен во Основен граѓански суд Скопје за период до месец Април 2025 година.

На крајот на 2024 година во судот има вкупно 15 вработени лица. Од нив еден судски советник, еден советник информатичар, 2 виши судски соработници, еден судски соработник, еден соработник информатичар, еден самостоен судски референт сметководител, 2 самостојни судски референти водители на писарница 4 судски референти дактилографи и 2 помлади судски референти доставувачи.

Зградата во која работи Основниот суд Крива Паланка е изградена пред повеќе од 50 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење од 1998 кој е реконструиран во 2003 и 2009 година.

Метал детекторот на влезот во зградата не е во функција повеќе години бидејќи дефектниот дел не може да се набави. Основното јавно обвинителство Крива Паланка ги користи сите простории на вториот кат со исклучок на една просторија и една судница и го користи судскотот топловодно греење и санитарен јазол без учество во надоместот за трошоци.

Во 2020 година набавен е и инсталиран нов систем за видео – надзор. Во текот на 2024 година набавено е ново службено возило за потребите на судот како и нова опрема за тонско снимање која е инсталирана и се очекува наскоро да се започне со тонско снимање на рочиштата.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд во Крива Паланка во текот на извештајната година имал вкупно 7206 предмети во работа, од кои биле решени 5393, а нерешени останале 1813 предмети. Приливот не е совладан.

Оттука, Основниот суд Крива Паланка во тековната 2024 година се оценува за **неажурен суд.** Судот не го совладал приливот, така што од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд 7206 предмети решени се вкупно 5393 предмети. Врз основа на изнесените податоци, произлегува дека за подобрување на состојбите во судот, потребно е да се пополнат испразнетите судиски места и редовно пополнување на систематизираните работни места за судските службеници

со оглед дека судот во моментот работи со многу намален број на вработени судски службеници.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Куманово 2024 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2023 година од 5745 предмети. Во тековната 2024 година примени се нови 31633 предмети, повторно во работа 295, погрешно заведени 16 предмети или во работа биле вкупно 37657 предмети, од кои биле решени 29958, а нерешени останале 7699 предмети. Приливот не е совладан.

Квалитет на предмети на ниво на суд е следен: Од вкупно решените предмети 9626, потврдени се 919 или 9,54%. Укинати се 208 или 2,16%, а преиначени 229 или 2,38%.

### СУДСКА УПРАВА

Судската управа 2024 година ја започнала со остаток од претходната 2023 година со 29 предмет. Во тековната 2024 година примени се 4011 предмети, 5 предмети се погрешно заведени, вкупно предмети во работа биле 4035 предмети од кои решени се 4001, а нерешени останале 34 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

**Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2024 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2023 година од 3454 предмети. Во тековната 2024 година примени се нови 24936 предмети, повторно во работа 147 предмети, погрешно заведени 14 предмети, односно вкупно во работа биле 28523 предмети, од кои биле решени 23410, а нерешени останале 5113 предмети. Приливот не е совладан.

Од вкупно решени 6881 предмети, потврдени се 541 или 7,86%, укинати се 90 или 1,3 %, а преиначени се 188 или 2,73%.

**Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2024 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2023 година од 2291 предмети. Во тековната 2024 година примени се нови 6697 предмети, повторно во работа 148 предмети, погрешно

заведени 2 предмети, односно вкупно во работа биле 9134 предмети, од кои биле решени 6548, а нерешени останале 2586 предмети. Приливот не е совладан.

Од вкупно решените 2745 предмети, потврдени се 378 или 13,77%, укинати 118 или 4,29% и преиначени 41 или 1,49 %.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Судот во 2024 година вкупно во работа имал 853 стари нерешени предмети по сите основи, од кои 413 се пренесени од 2022 година, решени се 460, а нерешени останале 393 предмети, од кои 169 предмети се оставински дадени кај Нотари-повереници на судот, заклучно со 31.12.2024 година.

Од наведените податоци, произлегува дека е намален на бројот на стари нерешени предмети во однос на претходната година.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Судот 2024 година ја започнал со 132 вработени, но на 31.12.2024 година судот имал вкупно 121 вработени од кои 18 се судии заедно со претседателот на судот. Во 2024 година еден судија поради завршување на мандат како член на Судскиот совет од Основен суд Куманово е вратен во Основен суд Куманово, на еден судија му престанала судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, а еден судија кој времено бил упатен од Основен граѓански суд Скопје за време од една година се вратил во Основен граѓански суд Скопје додека пак на друг судија од Основен суд Куманово поради користење на неплатено отсуство, судиската функција му е во мирување.

На 01.01.2023 година во Основен суд Куманово биле вработени 132 лица. Меѓутоа на 31.12.2024 година во судот има вкупно 121 вработени лица. Од овој број 18 се судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, еден судски администратор, еден раководител на Одделение за информатика, 5 судски советници, 2 виши судски соработници, 3 судски соработници, 1 соработник преведувач, 14 помлади судски соработници, 2 помлади судски соработници – преведувачи, 1 помлад соработник за корпоределикти, 9 самостојни судски референти, 9 виши судски референти, 21 судски референти – дактилографи, 16 помлади судски референти, 8 припадници на судска полиција и 8 помошни и технички соработници.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Зградата во која работи Основниот суд Куманово е изградена пред повеќе од 60 години. Во текот на 2024 година извршена е делумна замена на делови од системот за греење со средства добиени од Судскиот буџет. Постои можност

греењето во зградата да премине на гас преку проект на Општина Куманово за што Основен суд Куманово треба да учествува со средства во висина од 10000 евра кои средства треба да се обезбедат од Судскиот буџет. Постојан проблем е доставната служба која е сместена во една несоодветна и недоволна просторија а нема можност да се обезбеди дополнително друг простор. Исто така потребно е да се најде начин Државно правобранителство на РСМ за Куманово да биде дислоцирано од просториите на судот бидејќи просторот е потребен на Судот.

Заради подобрување на условите за работа во судот потребно е да се изврши набавка на современ противпожарен автоматизиран систем за серверска просторија; како и набавка на агрегат заради обезбедување на непречена работа на целиот АКМИС систем при ненадејни исклучување на електричната енергија во судската зграда. Во текот на 2024 година набавен е нов УПС уред и обезбедени се финансиски средства за изработка на енергетски ефикасна фасада но не е реализирана јавната набавка бидејќи не е донесена одлука по барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката. Има потреба од обезбедување на средства за ангажман на државен архив, во средување на судската архива и тоа архивски кутии и соодветни метални ормани.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд во Куманово во текот на извештајната година од вкупно 37657 предмети, од кои биле решени 29958, а нерешени останале 7699 предмети. Приливот не е совладан.

Оттука, Основниот суд Куманово во тековната 2024 година се оценува за **неажурен суд.** Судот не го совладал приливот, така што од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд 37657 предмети решени се вкупно 29958 предмети.

Од анализата на квалитетот на работење на ниво на суд, а посебно по оддели, во граѓанскиот оддел и во кривичниот оддел квалитетот е намален споредбено со 2023 година. Во текот на извештајната година, од вкупниот број решени предмети и бројот на судии кои постапувале се констатира дека судот постапувал со засилен ангажман, завршени се голем број на предмети.

Врз основа на изнесените податоци, произлегува дека за подобрување на состојбите во судот, потребни се зголемени напори за подобрување на квалитетот на работење на ниво на суд, ажурноста на судот, инвестирање во просторните капацитети на судската зграда, електричната инсталација, противпожарниот систем и редовно пополнување на систематизираните работни места.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Неготино од претходната 2023 година останале нерешени вкупно 1.290 предмети, а новопримени во текот на 2024 година биле 6.175 предмети, 47 предмети повторно биле во работа, погрешно заведени 4 предмети, така што вкупниот број на предмети во работа во 2024 година бил 7.508 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2024 година биле решени 6.304, а останале нерешени 1.204 предмет. Со оглед на наведените податоци во извештајната 2024 година Основниот суд Неготино го совладал приливот и решил 83,96% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и се оценува за ажурен суд.

Квалитетот на предметите на ниво на суд е следен: Од вкупниот број на решени 180 предмети, потврдени се 126 предмети, односно 70%, укинати се 25 предмети, односно 13,9%, преиначени 18 предмети, односно 10%, делумно укинати 8 предмети, односно 4,4% и отфрлени 3 предмети,односно 1,7 %.

### СУДСКА УПРАВА

Во работењето на судската управа, нерешени предмети на почетокот на годината биле 6, новопримени во текот на 2024 година биле 510 предмет, погрешно заведени нема. Вкупно предмети во работа 516 и биле решени 511 предмети, а останале нерешени 5 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

#### Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Неготино од претходната извештајна година останале нерешени 56 предмети, новопримени биле 2.036 предмети, 13 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема.

Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 2.105 предмети, од кои решени биле 2.025 предмети и останале нерешени 80 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени предмети, потврдени биле 14 предмети, односно 43,75%, укинати 7 предмети, односно 21,87%, преиначени 8 предмети, односно 25%, делумно укинати 1 предмет, односно 3,13 % и отфрлени 2 предмети, односно 6,25%.

Во Прекршочниот оддел на Основниот суд Неготино од претходната извештајна година останале нерешени 708 предмети, новопримени биле 1.471 предмети, 18 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 2.197 предмети, од кои решени биле 1.556 предмети и останале нерешени 641 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Прекршочниот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени предмети, потврдени биле 50 предмети, односно 66,67%, укинати 12 предмети, односно 16%, преиначени 7 предмети, односно 9,33%, делумно укинати 6 предмети, односно 8 % и отфрлени нема.

Во Одделот за Извршување на санкции на Основниот суд Неготино од претходната извештајна година останале нерешени 58 предмети, новопримени биле 1.107 предмети, повторно во работа нема, а погрешно заведени 3 предмети.

Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 1.162 предмети, од кои решени биле 1.101 предмети и останале нерешени 61 предмети.

Податоци за квалитет на предмети во Оддел за Извршување на санкции на Основниот суд Неготино за 2024 година нема.

**Граѓански оддел**

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Неготино од претходната извештајна година останале нерешени 160 предмети, новопримени биле 1.350 предмети, 16 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 1.526 предмети, од кои решени биле 1.358 предмети и останале нерешени 168 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени предмети, потврдени биле 62 предмети, односно 84,93%, укинати 6 предмети, односно 8,22%, преиначени 3 предмет, односно 4,11%, делумно укинати 1 предмет, односно 1,37% и отфрлени 1 предмет, односно 1,37%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Нерешени стари предмети, на крајот на 2024 година се вкупно 55 предмети, од кои 9 предмети се во работа во судот, а 46 предмети се оставински предмети, кои се во работа кај нотари. На подрачјето на Основен суд Неготино има само 2 нотари.

Причини кои ја предизвикале ваквата состојба со стари предмети се проблеми со уредни достави кога доставата се врши надвор од државата, недостапност на законските наследници надвор од РСМ, како и немање интерес за законските наследници за оставинска постапка поради трошоците на постапката.

Во Основниот суд Неготино има формирано Комисија за стари предмети, која го следи движењето на старите предмети и спроведувањето на програмата за нивно приоритетно решавање, при што изготвува извештаи на 6 месеци и ги доставува до Апелационен суд Скопје.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМАТА И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Неготино е сместен во зграда на 2 спрата, при што просториите се соодветно прилагодени за извршување на работните задачи и се подобрени условите за работа во судот.

Во претходните години е извршено внатрешно реновирање и обнова на канцеларискиот мебел.

Потребна е замена на дел од шалтерите, кои се оштетени и се од пред 20 години, обнова на канцелариски мебел во 2 простории и поплочување на подрумскиот дел каде е сместена архивата.

Во Основниот суд Неготино информатичката технологија е реално задоволителна, бидејќи поголем дел е обновена.

Редовно се инсталираат сите надградби и нови верзии на АКМИС системот.

Во Основниот суд Неготино до септември 2024 година постапувале 3 судии заедно со Претседателот на судот.

Од 02.09.2024 година 1 судија е на подолго боледување пореди нарушена здравствена состојба, при што постапуваат само 2 судии. Со оглед на ваквата состојба во судот нема поделба на судиите по области, а за малиот број на судии бил известен и Судскиот совет на РСМ за трајно решение да се направи избор на минимум 2 нови судии.

Во Основниот суд Неготино во 2024 година биле вработени 16 судски службеници на неопределено време, 3 судски службеници на определено време, 4 припадници на судска полиција, 2 помошно технички работници, од кои 1 е на определено време.

Во судот е неопходно пополнување на следните работни места: 1 хигиеничар, 1 виш судски референт – архивар, 1 водител на писарница, а судските службеници кои работеле во 2024 година на определено работно време да се вработат на неопределено работно време во текот на 2025 година.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Основниот суд Неготино го совладал приливот и решил 83,96% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и се оценува за **ажурен суд**. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: Да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети; да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Годишниот план за вработување и да се обезбеди замена на дел од шалтерите, обнова на канцелариски мебел во 2 простории и поплочување на подрумскиот дел каде е сместена архивата.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На почетокот на извештајниот период за 2024 година, во Апелациониот суд Гостивар останале нерешени вкупно 648 предмети, новопримени се 3.509 предмети, или вкупно во работа биле 4.157 предмети.

Во текот на извештајната година решени се 3.070 предмети, а останале нерешени 1.087 предмети.

### СУДСКА УПРАВА

Судската управа 2024 година ја започнала без остаток од нерешени предмети од 2023 година. Во извештајната 2024 година новопримени се 1.451 предмети, или вкупно во работа биле 1.451 предмети, од кои решени се сите 1.451 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Апелациониот суд во Гостивар е основан за подрачјето на основните судови за подрачјата на основните судови во Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар. Работата на Апелациониот суд Гостивар е организирана во два оддели, односно Кривичен оддел и Граѓански оддел.

Во извештајната 2024 година овој суд во работа имал вкупно 4.157 предмети, од кои успеал да заврши 3.070 предмети од вкупниот број на предмети во работа. Останале незавршени 1.087 предмети.

Квалитетот на предметите на ниво на суд е пресметан само на обжалените од вкупно решените предмети (вклучувајќи ги и предметите повторно во работа) и тоа во однос на потврдени, укинати и преиначени одлуки.

Состојбата по предметното работење по оддели е следна:

**Кривичен оддел**

Во кривичниот оддел, од претходната година имало заостаток од 36 второстепени кривични предмети заведени како КЖ, 2 второстепени кривични предмети во постапка за малолетници заведени како КЖМ, 3 предмети за второстепен кривичен совет КСЖ, 6 второстепени прекршочни предмети ПРКЖ, и 2 предмети заведени во уписник како разни кривични предмети КР, или вкупно 49 предмети нерешени со кои започнала извештајната година. Примени се нови 348 второстепени кривични и прекршочни предмети заведени како КЖ, 2 предмети за второстепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници КЖМ, 150 предмети за второстепен кривичен совет КСЖ, 581 предмети второстепени прекршочни предмети ПРКЖ и 55 предмети заведени во уписник како разни кривични предмети.

Судот во извештајната година во кривичниот оддел вкупно во работа имал 1.185 предмети од кои решил 1.161 предмети а останале нерешени 24 предмети.

На ниво на Кривичен оддел квалитетот на предметите по жалба е пресметан од вкупно решените 1.161 предмети. Бројот на потврдени предмети во жалбена постапка е 26 или 2,24%, бројот на укинати предмети е 11 или 0,59% и бројот на преиначени предмети е 3 или 0,26%.

**Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел, од претходната година имало заостаток од 383 второстепени граѓански предмети ГЖ, 174 второстепени предмети по спорови од работни односи РОЖ, 42 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ, или вкупно заостаток од предходната година 599 со кои започнала извештајната година. Новопримени во работа во тековната година биле 1.391 второстепени граѓански предмети ГЖ, 761 второстепени предмети по спорови од работни односи РОЖ, 170 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ и 51 разни граѓански предмети Р или вкупно 2.373 ново примени предмети во извештајната година.

Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел во работа имал вкупно 2.972 предмети од кои решил 1.909 предмети а останале нерешени 1.063 предмети.

На ниво на Граѓански оддел квалитетот на предметите по жалба е пресметан од вкупно решените 1.909 предмети. Бројот на потврдени предмети во жалбена постапка е 31 или 1,62% и бројот на укинати предмети е 15 или 0,79%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На крајот на извештајната 2024 година, состојбата со стари незавршени предмети според годината на прием во Апелациониот суд Гостивар е следната:

КЖ - незавршени останале 8 предмети,

ГЖ - незавршени останале 168 предмети,

ТСЖ - незавршени останале 10 предмети и

РОЖ - незавршени останале 9 предмети.

Судот 2024 година ја започнал со 195 стари нерешени предмети и новопримени предмети 514 или вкупно во работа биле 709, од кои биле решени 530 а останале 179 нерешени стари предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во Апелациониот суд Гостивар во извештајната 2024 година, во кривичниот оддел судиската функција ја извршувале 4 судии вклучувајќи го и претседателот на судот кој постапувал само по предмети КСЖ и КР, се до месец февруари 2024 година кога бил извршен избор на еден судија од кривична материја, така што извештајната година била пополнета со 6 судии во кривична материја. Во граѓанскиот оддел судиската функција ја извршувале 7 судии се до 26.12.2024 годна кога бил извршен избор на двајца судии од граѓанска материја, така што извештајната година била пополнета со 9 судии во граѓанска материја. На крајот на 2024 година, Апелациониот суд Гостивар бил составен од 15 судии, заедно со судијата вршител на должност Претседател на Апелационен суд Гостивар, и еден судија која функција е во мирување бидејќи е член на судскиот совет.

Покрај наведените состојби, еден од судиите кој работи на граѓанска материја подолг временски период не ја извршувал судиската функција поради привремена спреченост од работа – боледување и тоа од месец јули 2024 година.

Во делот на судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Гостивар заклучно со 31.12.2024 година, се предвидени вкупно 134 работни места, од кои 38 се пополнети во рамките на судската служба, а непополнети се 96 работни места. Судот раководи без судски администратор, а исто така во судот нема вработен - припадник на судска полиција.

Функционирањето на судот во текот на извештајниот период во поглед на информатичката технологија се одвива непречено, посебно во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). АКМИС програмата од страна на вработените се користи целосно, во сите сегменти од работењето.

Во Судот има судница во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парничната постапка, меѓутоа, потребно е да се опреми судницата со нов систем кој што ќе обезбеди не само аудио, туку и визуелно снимање и креирање на електронски аудио визуелен запис од судењата.

Во Судот системот на електронска достава се одвива непречено, исто така и Аномнизацијата на одлуките се одвива непречено. Во поглед на хардверската опрема голем дел од персоналните компјутери во судот се на задоволително ниво, но за дел од нив Судот сеуште има потреба со надоградување и опремување со нова опрема, но исто така потребна е и итна замена на мрежната инсталација во Судот, чиј што капацитет не ги задоволува потребите за нормалното функционирање.

Апелациониот суд Гостивар просторно е добро опремен, со доволен број канцеларии, располага со информатичка технологија на завидно ниво, но има потреба од изградба на лифт, бидејќи просториите на судот се на 3-ти кат од зградата на Основниот суд Гостивар и не ги исполнуваат условите за пристап на лица со посебни потреби и други групи на лица со инвалидитет. Исто така има потреба од реконструкција на судница, која целосно не ги задоволува потребите на судот и реконструкција на сервер салата.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од наведените податоци за новопримени предмети и број на решените предмети може да се заклучи дека Апелациониот суд Гостивар успеал да реши 73,85% од вкупниот број на предмети во работа, не го совладал приливот за 439 предмети, односно го зголемил заостатокот за 439 предмети, заради што за 2024 година овој суд се оценува за **неажурен суд.** Ова се должи на значајно намалениот број на судии во споредба со претходната година кои иако се ангажирале максимално не било возможно да го совладаат приливот целосно, особено во граѓанскиот оддел.

Апелациониот суд Гостивар во следниот период треба да ја следи состојбата со стари предмети и да го намали нивото на истите на ниво на Кривичен оддел и Граѓански оддел. Сепак за поголема ажурност на судот неопходно е во судот да бидат избрани нови судии.

Потребно е во следниот период да се зголеми бројот на вработени во судската служба со оглед да од вкупно предвидените 134 работни места на крајот на годината се пополнети 38 работни места, судот раководи без судски администратор, а исто така во судот нема вработен - припадник на судска полиција. Исто така, потребна е и континуирана едукација на судиите и вработените во судот.

Апелациониот суд Гостивар сеуште има потреба со надоградување и опремување со нова хардверска опрема, но потребна е и итна замена на мрежната инсталација во Судот, чиј што капацитет не ги задоволува потребите за нормалното функционирање. Судот има потреба од реконструкција на судница, која целосно не ги задоволува потребите на судот и реконструкција на сервер салата.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година на ниво на суд во работа биле вкупно 37340 предмети, од кои решени се 31469 предмети, додека 5871 се водат како нерешени.

### СУДСКА УПРАВА

Вкупно во работа 589 предмети, решени 586 предмети, 3 предмети се водат како нерешени.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

**Граѓански оддел**

Вкупно решени се 2116 предмети од кои: 292 односно 13,80% се потврдени, 95 односно 4.49 % укинати и 26 односно 1.28% преиначени.

**Кривичен оддел**

Вкупно решени се 8897 предмети, од кои 162 односно 1.82% потврдени, 72 односно 0.8 % укинати и 41 односно 0.46% преиначени.

Вкупно решение предмети во судот се 11013 од кои: потврдени 454 односно 4.12 %, укинати 167 односно 1,52%, преиначени 67 односно 0.61%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Вкупно во работа биле 1990 стари нерешени предмети, од кои се решени, 782 остануваат нерешени 1208 предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во текот на 2024 година во судот имало 17 судии од кои двајца се делегирани во Основен суд Тетово одосно Основен суд Кичево, и 78 вработени во судската служба, 5 вработени согласно ЗРО и 5 судски полицајци.Се констатира дека бројот на вработените не содејствува со потребите на судот.

Се укажува на несоодветни просторни услови, бидејки во зградата на судот се сместени повеке државни институции. Се појавува потреба од дополнителни канцеларии, доопремување односно проширување на просторот во писарниците.

Во однос на информатичката технологија се направени одредени подобрувања со допремување на судот.

ОС Гостивар има 6 судници од кои во текот на 2024 три се опремени со нова опрема за тонско снимање.

Во зградата на судот се сместени пет институции, кое се одразува на нивото на безбедноста на вработените од причина што не е возможен целосен увид на движењето на странките во зградата.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Гостивар се оценува како **ажурен суд** со оглед дека го совладал приливот на предмети. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: судот да продолжи со работа со ист интензитет и да се пополнат потребните работни места.

# ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Од претходната 2023 година, во Основен суд Дебар останале нерешени вкупно 385 предмети.

Во текот на 2024 година, Основниот суд Дебар имал во работа вкупно 9.333 предмети, од кои решени се 8.888 предмети, а 445 се нерешени предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од претходната година се 0 предмет.

Вкупниот број на предмети во работа во 2024 година, е 263, од кои решени се сите 263 предмети.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА**

Во работа биле вкупно 9.070 предмети од кои 8.625 се решени, 445 се нерешени.

Решени предмети 895 од кои: 48 односно 5.36% потврдени, 16 односно 178% укинати и 12 односно 1.34% преиначени.

**Кривичен оддел**

Во работа биле вкупно 3.465 предмети, од кои 3.436 се решени, 29 не се решени.

Решени предмети 676 од кои: 15 односно 2.21 % потврдени, 9 односно 1.33% укинати и 9 односно 1.33% преиначени.

**Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 5.595 предмети од кои 5.189 се решени, 416 се нерешени.

Решени предмети 219 од кои: 33 односно 11.18% потврдени, 7 односно 2.45% укинати и 3 односно 1.05 % преиначени.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Основниот суд Дебар, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети се 261 од кои 178 стари предмети пренесени од претходната година, во работа биле 261 од кои биле решени 78 стари предмети а останале нерешени 183 стари предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во извештајниот период судската функција ја извршувале претседателот на судот и двајца судии. Според одлука на Судски совет предвидени се 5 судии заедно со претседателот на судот, додека според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, работите од судска служба е предвидено да ги извршуваат 55 извршители.

Во 2023 година работните задачи од судската служба ги извршувале 27 извршитрели.

Потребно е 2024 година да се пополнат упразнетите работни места и тоа 1 извршител соработник толкувач, судски референт за прием на експедиција и пошта и 1 извршител хигиеничар.

Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Информатичката опрема е во добра состојба, има потреба од персонални компјутери, печатачи и скенери, Потребно да се опреми судница со опрема за тонско снимање на рочишта по кривични предмети.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Дебар во во тековната 2024 година не бил ажурен, бидејки не успеал да го совлада приливот на предмети.

Во почетокот на 2024 година, останале нерешени 385 предмет, а вкупно во работа биле 9.333 предмети,од кои решени се 8.888 предмети, додека 445 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Дебар во тековната 2024 година, се оценува како **неажурен суд,** бидејки не успеал да го совлада приливот и да го намали остатокот на нерешени предмети за 60 предмети. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: судот да се потруди да го совлада приливот на предмети кај сите видови предмети, да го подобри квалитетот на решавањето на предметите, да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места и да се согледа можноста за техничко доопремување.

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Кичево како суд со проширена надлежност, извештајната 2024 година ја започнал со 3 043 предмети од предходната година, новопримени во работа се 19 926 предмети, повторно заведени се 294 предмети и со 7 погрешно заведени предмети, вкупно во работа Судот имал 23 256 предмети. Од нив, решени се 20 495 предмети, а нарешени останале 2 761 предмети. Со тоа, Судот успеал до совлада 88,13 % од вкупниот број на предмети во работа, а останале незавршени 11,87% од предметите.

Судот со новопримените предмети, повторно заведените и погрешно заведените предмети од вкупно 20 227 предмети и решените 20 495 предмети, го совладал тековниот прилив и го намалил заостатокот на предметите за 268 предмети со што се смета за ажурен суд.

### СУДСКА УПРАВА

Во судската управа, како предмети во соодветни уписници постапувано е по 740 предмети, од кои 737 се решени и 3 предмети останале нерешени.

Во извештајната 2024 година, согласно Законот за јавни набавки, спроведени биле постапки 8 постапки за јавни набавка (за електрична енергија, печатени материјали, канцелариски материјали, гориво за затоплување, дизел гориво за потребите на службените возила и завршено било реновирање на фазадата на влезна партија на Основен суд Кичево).

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Работата на Основниот суд Кичево е организирана преку два оддели: Кривичен оддел и Граѓански оддел.

#### Кривичен оддел

Во извештајната 2024 година, на ниво на кривичниот оддел постапувано е по 13 333 предмети, од нив нерешени од предходната година биле 411 предмети, новопримени се 12850 предмети, повторно заведени се 73 предмети, 1 предмет бил погрешно заведен. Судот во извештајната година решил 12 688 предмети а останале нерешени 645 предмети.

Во врска со квалитетот на работата на ниво на кривичниот оддел во Основниот суд Кичево за 2024 година, обжалени биле 193 предмет, од кои потврдени биле 137 предмети или 2% од вкупниот проj на предмети, укинати биле 38 предмети или 0,55% од вкупниот број на предмети и преиначени биле 18 предмети или 0,26% од вкупниот број решени предмети.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2024 година, во граѓанскиот оддел пренесени се како нерешени од предходната година 2 632 предмети, новопримени предмети во 2024 година се вкупно 6 237, предмети повторно заведени биле 221, погрешно заведени биле 6 предмети, или вкупно во работа судот имал 9 084 предмети од граѓанската област. Во текот на извештајната година вкупно биле решени 6 971 предмети или а останале нерешени 2 113 предмети.

Кај оставинските постапки во 2024 година, вкупно во работа биле 943 предмети од кои 674 предмети се решени од страна на повереницитe на судот нотари.

Во однос на квалитетот на работа во граѓанскиот оддел на Судот во извештајната година од вкупно решените, обжалени биле 767 предмети пред Апелациониот суд Гостивар. Од нив, потврдени биле 612 предмети или 18.72%, укинати се 149 предмети или 4,55%, 6 предмети се преиначени или 0,18%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на извештајната 2024 година судот постапувал по пренесените 450 предмети од 2023 година, новопримани се 596 предмети, со што Судот во работа имал вкупно 1 046 стари предмети. Од овие предмети, решени 626 предмети а останале за решавање на крајот на извештајната 2024 година 420 стари предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Во текот на извештајната 2024 година, судиската функција во Основниот суд Кичево ја извршувале осум судии од кои четири судии биле делегирани од други судови. На крајот на извештајната година во судот работеле 5 судии од кои 1 е делегиран од Основне суд Гостивар.

Во Судот работат и 51 вработени како административен персонал. Судот има проблем со бројот на дактилографи. Покрај тоа, предвидени биле со систематизацијата 36 работни места за судски службеници со 132 извршители вклучувајки ја судската полиција и вработените согласно законот за работни места.

По однос на просторните капацитети и информатичката технологија во извештајната 2024 година, Судот како и во предходните години се соочувал со проблеми. Имено, постои потреба од воведување на шалтери, да се замени канцелариските мебел бидејќи бил застарен и оштетен. Пет простории од зградата ги користело Основното јавно обвинителство Кичево и нивното ослободување значително би го подобрило просторното сместување на судот. Од 5 судници во судот само две биле опремени за тонско снимање. Набавено било и ново моторно возило.

Во извештајната 2024 година нема набавки на нова информатичка опрема, а Судот во оваа и предходните години работел спроведува редовно ажурирање на АКМИС и АБМС. Покрај тоа, редовно се објавуваат анонимизирани одлуки на ВЕБ страната на судот како и други соопштенија и извештаи од јавен интерес.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Кичево, како суд со проширена надлежност, и покрај работа во услови со екстремно намален број на судии и судски службеници, во однос на предметното работење покажал високо квалитетни резултати. Статистичките податоци во врска со квалитетот на работата покажуваат дека овој суд се одликува со висок процент на необжалени одлуки, и со обжалени и потврдени одлуки од повисоките судови. Судот го совладал тековниот прилив и го намалил заостатокот на предметите со што се оценува за **ажурен суд**.

Особено значајно е во периодот што следи кадровски да се зајакне Судот со судии и судски службеници. На крајот на извештајната година, судиската функција во Основниот суд Кичево ја извршувале пет судии, од кои еден судија е делегиран за период од една година.

Судот има потреба од дактилографи за што повеќе пати барал одобрување од Судскиот совет за ваков кадар. Покрај тоа, постои потреба од пополнување на работните места судски администратор, раководни места, стручни раководни места советник, виш советник, стручен соработник, архивар, самостојни судски референти, судски референти извршители и други административно технички службени кој ќе допринесат за нормално функционирање на судот.

Просторните услови се незадоволителни, и мора да се вложат напори за подобрување на просторното сместување. Имено, постои потреба од воведување на шалтери за што биле барани средства од Судскиот буџетски совет неколку години наназад. Покрај тоа, потребно е и да се замени и канцелариските мебел бидејќи бил застарен и оштетен. Ослободувањето на петте простории од зградата кои ги користи Основното јавно обвинителство Кичево значително би го подобрило просторното сместување на судот.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Судот ја започнал годината со 3.741 предмети, а примил нови 55.251 предмети. Повторно во работа се земени 363 предмети, а погрешно се заведени 3 предмети. Оттука, во работа биле вкупно 59.352 предмети, од кои решени се 54.430 предмети, а нерешени останале 4.922 предмети. Приливот на предмети од тековната година не е совладан. Заостатокот е зголемен за 1.181 предмети, или за 31,57 % во однос на заостатокот од 2023 година.

### СУДСКА УПРАВА

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 1.587 предмети, решени се 1.584 предмети, а постапката не е завршена по 3 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.109 предмети. Примени со нови 32.716 предмети, 169 предмети се земени повторно во работа, а 3 предмети биле погрешно заведени.

Вкупно во работа имало 33.991 предмети, од кои решени се 32.144 предмети, додека нерешени останале 1.847 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 738 предмети или за 66,55 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 446 предмети (според податок од табела „Квалитет на предмети на ниво на оддел“ кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела „Предметно работење на ниво на оддел“), 260 предмети или 58,30 % се потврдени, 66 предмети или 14,80 % се укинати и 120 предмети или 26,91 % се преиначени. Процентите се добиени во соодност со бројот на решените 446 предмети.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 2.631 предмети. Примени се нови 20.950 предмети, а 193 предмети се повторно земени во работа.

Вкупно во работа имало 23.774 предмети. Решени се 20.702 предмети, додека нерешени останале 3.072 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 441 предмети или за 16,76 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 440 предмети (според податок од табела „Квалитет на предмети на ниво на оддел" кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела „Предметно работење на ниво на оддел"), 269 предмети или 61,14 % се потврдени, 127 предмети или 28,86 % се укинати, а 44 предмети или 10 % се преиначени. Процентите се добиени во соодност со бројот на решените 440 предмети.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Основниот суд Тетово на почетокот на 2024 година, односно на крајот на 2023 година имал во работа 296 стари предмети. На крајот на 2024 година во работа останале 410 стари предмети, што значи дека бројката е зголемена за 114 предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Тетово 2024 година ја започнал со 136 вработени од кои 12 судии, 116 судски службеници и 8 помошно-технички персонал. Во текот на 2024 година поради пензионирање работниот однос им престанал на еден судија и двајца судски службеници. Дополнително, еден од судиите на овој суд е член на Судскиот совет на РСМ, а во текот на 2024 година двајца судии се избрани за судии во повисок суд. Еден судија времено е упатен да ја врши судиската функција во Основниот суд Тетово. Воедно, во извештајната 2024 година на двајца судски службеници работниот однос им мирува, а на еден судски службеник работниот однос му престанал со отказ. По пат на преземање се вработени тројца судски службеници, а времено се ангажирани 14 лица врз основа на јавен оглас за вработување на определено време. Притоа, според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места од 11.04.2024 година, предвидени се 292 работни места. Потребно е да биде вработен уште еден извршител во Судската полиција.

Инвестиционото одржување на судската зграда на Основен суд Тетово е во надлежност на Министерството за правда. Овој суд, повторно укажува, дека се соочува со проблеми околу греењето (поради дотраеност на севкупната инсталација), како и одржувањето на подрумските простории кои не се реновирани. Во изминатите години биле извршени неколку крупни инвестициски зафати, односно нова фасада, кровна конструкција и слично, а бил инсталиран и лифт. Меѓутоа, електричната мрежа во судот е дотраена и не одговара на потребите. Судот континуирано врши набавка на метални архивски полици за средување на судската архива во подрумските простории, како и на просториите за *corpora delicti*. Судската

зграда на Основниот суд Тетово ја користат и Основното јавно обвинителство Тетово, Државното правобранителство Тетово, како Службата за пробација, поради што судот се соочува со просторни и финансиски проблеми. На влезот на судската зграда е поставен метал детектор и рентген дектор, кој во моментот е надвор од функција. Поставени се камери за видео надзор, а ПП апаратите редовно се сервисираат. Вратите кои водат до простории кои не се предвидени за странки се обезбедени со електронски брави кои се отвораат само со електронски картици, додека преостанатите канцеларии имаат брави со клуч. Предметите во Судот се чуваат во посебни шкафови (метални и дрвени) кои се со брави или пак со катанци, со што е овозможено безбедно чување на предметите.

По однос на информатичката опрема активни се 110 работни единици - персонални компјутери кои се мрежно поврзани и имаат пристап до соодветните програмски апликации. Потребна е целосна замена на мрежа од причина што истата не кореспондира со брзината и квалитетот на работа на апликациите и компјутерската опрема што ја користи судот. Четири од вкупно осум судници располагаат со опрема за тонско снимање, истите се функционални и во нив може да се врши аудио снимање.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од аспект на предметното работење судот се оценува за **неажурен суд**, односно го зголемил заостатокот на нерешени предмети на крајот на годината. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: да се обезбедат соодветни просторни услови за работење, во наредниот период треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот и потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Од претходната 2023 година, во Апелациониот суд Битола останале нерешени вкупно 1.176 предмети.

Во текот на 2024 година, Апелациониот суд Битола имал во работа вкупно 5.352 предмети, од кои решени се 3.232 предмети, а 2.120 предмети се нерешени предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од претходната година нема.

Вкупниот број на предмети во работа во 2024 година, е 1.295, од кои се решени сите 1.295 предмети.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА**

Во текот на 2024 година, решени се 3.168 предмети. Од нив се потврдени 91 предмети, односно 2,87%, укинати биле 23 предмети односно 0.73% и преиначени 10 предмети односно 0.32%

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 258 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2024 година, е 2.033, од кои решени предмети се 1.293 а останале нерешени 740 предмети.

Од решените 1.269 предмети, 15 предмети, односно 1.18% се потврдени и 5 предмети, односно 0.39% се укинати.

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 918 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа во 2024 година, е 3.319, од кои решени се 1.939 предмети а останале нерешени се 1.380 предмети.

Од решените 1.899 предмети во текот на извештајната година, 760 предмети, односно 4,00% се потврдени, 18 предмет, односно 0,95% се укинати, а 10 предмети, односно 0,53% се преиначени.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во Апелациониот суд Битола, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети се 794 од кои вкупно во работа биле 1.670 предмети од кои се решени 794 предмети, а останале нерешени 876 предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во тековната 2024 година во Апелациониот суд Битола од предвидените 25 судиски места заедно со ВД Претседателот на судот, постапувале 7 судии , бидејќи на во месец јуни 2024 година судијата Александар Камбовски бил избран за член на Судскиот Совет на Република Северна Македонија.

Со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, предвидени се вкупно 110 судски службеници а заклучно со 31.12.2024 година, пополнети се 45 работни места, од кои 3 на определено време.

Се уште стои потребата од реновирање на судските канцеларии, набавка на инвентар, санирање на санитарните чворови. Изминатата 2024 година во зградата сеуште е сместено Вишото јавно обвинителство, кое користи дел од просториите на вториот кат, и нема никаков допринос, односно не учествува во покривањето на трошоците за потрошената електрична енергија, парното греење и за одржување на судската зграда. Сите простории се опремени со мебел и клима уреди, реновирани се и архивите во кои се сместени метална плакари. Судот располага со две помали судници и една конференциска сала. Судската зграда нема лифт и пристап за лица со посебни потреби за првиот и вториот спрат, освен приземјето.

Целокупнатa евиденција и сите извештаи се водат и се креира единство преку АКМИС системот

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Апелационит суд Битола во тековната 2024 година бил неажурен, бидејќи  неуспеал да го совлада приливот за 944 предмети. Во почетокот на 2024 година, останале нерешени 1.176 предмети, а вкупно во работа биле 5.352 предмети, од кои решени се 3.232 предмети, додека 2.120 се водат како нерешени, поради што Апелациониот суд Битола во тековната 2024 година, се оценува за **неажурен суд** бидејќи  не успеал да го совлада приливот и да го намали остатокот на нерешени предмети за 944 предмети. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: совладување на приливот на предмети кај сите видови предмети и намалување на остатокот од нерешени предмети, да се подобри квалитетот на решавање на предметите, да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места и да се согледа можноста за техничко доопремување.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На почетокот на извештајниот период за 2024 година, во Основниот суд Битола останале нерешени вкупно 5.697 предмети, новопримени се 29.545 предмети, погрешно заведени 12 предмети, или вкупно во работа биле 35.230 предмети.

Во текот на извештајната година решени се 28.661 предмет, а останале нерешени 6.569 предмети.

### СУДСКА УПРАВА

Во извештајниот период од предмети во Судска управа од претходната година останале нерешени вкупно 7 предмети, новопримени се 1.756 предмети, или вкупно во работа биле 1.763 предмети, од кои решени се 1.752, а останале нерешени 11 предмети.

Во уписникот „СУ-СУ-07" останале нерешени 6 предмети од претходната година, новопримени се 1.493 предмети и од вкупно во работа 1.499 предмети, решени се 1.489 предмети, а останале нерешени 10 предмети. Во уписникот „СУ-ДОВ" и "СУ-СТРДОВ" новопримени се 5 предмети и истите се решени. Во Уписникот „СУ-ИЗЗ" новопримени се 213 предмети и сите се решени. Во уписникот "УПП" новопримени се 20 предмети, решени се 19 предмети, а останал нерешен 1 предмет. Во Уписникот „СПИ" останал нерешен 1 предмет од претходната година, новопримени се 25 предмети и од вкупно во работа 26 предмети, сите се решени.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Работата во Основниот суд Битола како првостепен суд со проширена надлежност во извештајната година била организирана во два судски оддели и тоа Кривичен и Граѓански судски оддел.

Во извештајната 2024 година овој суд во работа имал вкупно 35.230 предмети, од кои успеал да заврши 28.661 предмети од вкупниот број на предмети во работа. Останале незавршени 6.569 предмети од вкупниот број на предмети.

Квалитетот на предметите на ниво на суд е пресметан само на обжалените од вкупно решените предмети (вклучувајќи ги и предметите повторно во работа) и тоа во однос на потврдени, укинати и преиначени одлуки. Вкупно се решени 17.135 предмети, при што во однос на предметите кои биле во жалбена постапка, 775 предмети се потврдени или 4,52%, 249 предмети укинати се или 1,45% и преиначени се 92 предмети или 0,54%.

Состојбата по предметното работење по оддели е следна:

**Кривичен оддел**

Во извештајната 2024 година, во Кривичниот оддел постапувале 5 судии.

Во Кривичниот оддел на почетокот на 2024 година останале нерешени 3.091 предмет, новопримени се 20.420 предмети, повторно заведени се 175 предмети, погрешно заведени се 5 предмети и вкупно во работа биле 23.681 предмети. Во извештајниот период решени се 19.965 предмети, а останале нерешени 3.716 предмети.

На ниво на Кривичен оддел согласно бројот на повторно заведени и новопримени предмети во работа 20.595 и бројот на решени предмети, може да се констатира дека на ниво на овој оддел не е совладан приливот за 455 предмети, односно зголемен е заостатокот за 625 предмети.

На ниво на Кривичен оддел квалитетот на предметите по жалба е пресметан од вкупно решените 11.452 предмети. Бројот на потврдени предмети во жалбена постапка е 302 или 2,64%, бројот на укинати предмети е 139 или 1,21% и бројот на преиначени предмети е 37 или 0,32%.

**Граѓански оддел**

Во извештајната 2024 година, во Граѓанскиот оддел постапувале 7 судии.

Во граѓанскиот оддел на почетокот на 2024 година останале нерешени 2.599 предмети, новопримени се 7.023 предмети, повторно заведени се 171 предмет, погрешно заведени се 7 предмети и вкупно во работа биле 9.786 предмети. Во извештајниот период решени се 6.944 предмети, а останале нерешени 2.842 предмети.

На ниво на Граѓански оддел согласно бројот на повторно заведени и новопримени предмети во работа 7.194 и бројот на решени предмети, може да се констатира дека на ниво на овој оддел не е совладан приливот за 79 предмети, односно зголемен е заостатокот за 243 предмети.

На ниво на Граѓански оддел квалитетот на предметите по жалба е пресметан од вкупно решените 5.444 предмети. Бројот на потврдени предмети во жалбена постапка е 471 или 8,65%, бројот на укинати предмети е 108 или 1,98% и бројот на преиначени предмети е 54 или 0,99%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот на извештајниот период останале нерешени 139 стари предмети и 83 оставински предмети по кои постапуваат нотарите како повереници на судот. На крајот од 2024 година останале нерешени вкупно 251 стари предмети. На ниво на Кривичен оддел останале нерешени 126 стари предмети, од кои 39 предмети кривично полнолетни и 87 прекршочни предмети. Што се однесува до Граѓанскиот оддел (трговски спорови, парнични предмети – мала вредност, работни спорови, платни налози по приговор, имотни спорови, физички делби, облигации), останале нерешени вкупно 107 стари предмети. Оставински предмети по кои постапуваат нотарите како повереници на судот, останале нерешени 147 стари предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Битола во текот на 2024 година својата функција како првостепен суд со проширена надлежност ја извршувал со 12 пополнети судиски места и тоа 5 судии во кривичен оддел и 7 судии во граѓански оддел. Во текот на 2024 година на тројца судии на овој суд им престанала судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Во месец септември 2024 година со одлука на Судскиот совет на РСМ, еден судија од кривичниот оддел е делегиран да ја извршува судиската функција во Основниот суд Крушево, еден судија веднаш по изборот е делегиран да ја исвршува судиската функција во Основниот суд Прилеп, а еден судија од граѓанскиот оддел а вратен во овој суд по завршување на перидот за кој бил делегиран во друг суд. Со оглед на наведеното, на крајот на 2024 година, Основниот суд Битола е составен од 13 судии, заедно со судијата вршител на должност Претседател на Основниот суд Битола.

Во делот на судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Битола заклучно со 31.12.2024 година, се предвидени вкупно 162 работни места, од кои 72 се пополнети, вклучувајќи ги и 23-те судски службеници вработени во Судот на определено работно време заклучно со 31.12.2024 година, а останатите 64 се непополнети.

Во Основниот суд Битола, редовно се следи судската пракса и од редот на судиите, е назначен судија за судската пракса. Во Основниот суд Битола, од редот на вработените, е назначено лице за односи со јавност.

Судот располага со соодветна информатичка опрема и во зависност од потребите на судот, се извршени набавки на поголем број на компјутери, печатари и скенери. Се користи интернет и електронската пошта. Меѓутоа, со надградбата на АКМИС системот, се јавува потребата од набавување на нови компјутери. Посебно се нагласува дека во судот се скенира секој податок, има голема база на скенирани

податоци, и покрај намалениот број на вработени се прават напори да се скенира се со цел предметите да имаат електронско досие.

Зградата во која работи Судот е во добра состојба, а судиите и судската администрација ги извршуваат работните задачи во просторни услови кои ги задоволуваат стандардите. Расправите и рочиштата по предметите се одржуваат во 13 современо опремени судници, од кои 5 се опремени за тонско снимање. За потребите на судот, Основниот суд Битола располага со 5 службени патнички моторни возила.

Во 2024 година, спроведени се 13 постапки, набавени се тонери, канцелариски материјали, фотељи за судници, резервни делови за лифт, електрична енергија, печатени материјали, гориво за лесни возила, поштенски услуги, направени се систематски прегледи за вработените, реновирани се тоалетите во судската зграда, нафта за греење, хартија со групна набавка преку Апелациониот суд Битола.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од наведените податоци за новопримени предмети и број на решените предмети може да се заклучи дека Основниот суд Битола успеал да реши 81,35% од вкупниот број на предмети во работа, не го совладал приливот за 884 предмети, односно го зголемил заостатокот за 872 предмети, заради што за 2024 година овој суд се оценува за **неажурен суд**.

Ова се должи на значајно намалениот број на судии во споредба со претходната година кои иако се ангажирале максимално не било возможно да го совладаат приливот целосно, особено во граѓанскиот оддел. Основниот суд Битола во следниот период треба да ја следи состојбата со стари предмети и да го намали нивото на истите на ниво на Кривичен оддел и Граѓански оддел.

Сепак за поголема ажурност на судот неопходно е во судот да бидат избрани нови судии. Потребно е во следниот период да се зголеми бројот на вработени во судската служба со оглед да од вкупно предвидените 162 работни места на крајот на годината се пополнети 72 работни места, како и потребна е континуирана едукација на судиите и вработените во судот.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година на ниво на суд во работа биле вкупно 2370 предмети, од кои решени се 1972 предмети, додека 398 се водат како нерешени.

**СУДСКА УПРАВА**

Вкупно во работа се 430 предмети, решени 418 предмети, 12 нерешен предмет.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА**

**Кривичен оддел**

Решени се 6 предмети, од кои: 2 односно 068 % потврдени, 4 односно 1,36% укинати

**Граѓански оддел**

Решени се 28 предмети, од кои: 26 односно 9,03 се потврдени, 2 односно 0.69 % укинати.

Квалитетот на работа по сите основи се следен: вкупно решени 34 од кои, потврдени 28 односно 4,81 %, укинати 6 односно 1,03%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во 2024 година, вкупно останале нерешени 8 стари предмети од кои 3 предмети во судот и 5 оставини од нотар.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**

Во 2023 година судот имал 1 делегиран судија кој е и ВД Претседател. Судот има 13 вработени (судска служба). Се истакнува потребата за уште еден судија во овој суд. Во текот на 2024 година е реализирано едно вработување на определено време на работно место самостоен референт – сметководител. Се посочува потребата од избор на уште еден судија, со што би се намалил бројот на предметите. Во извештајот на Судот е дадена листа на приоритетни вработувања.

Направени се одредени санации на ѕидовите во ходноците и канцелариите во приземјето како и определени молеро-фарбарски работи. Во поглед на просторните услови сите вработени имаат соодветни канцелари. Канцелариите и една судница се опремени со потребни технички помагала (компјутери и печатари) за непречено извршување на работите.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Крушево се оценува за **ажурен суд** со оглед дека е совладан приливот на предмети. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: да се избере еден судија, да се преземат мерки за пополнување испразнетите места во судската служба и да се преземат активности за зголемување на ажурноста на судот.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година во Основниот суд Охрид, нерешени од претходната година останале 6.445 предмети, новопримени биле 16.084 предмети, погрешно заведени 4 предмети, вкупно предмети во работа биле 22.525 предмети, решени 16.178 предмети, а останале нерешени 6.347 предмети. Од остатокот на предмети 1.954 се оставински предмети кои се во работа кај нотар.

### СУДСКА УПРАВА

На почетокот на извештајната 2024 година нерешени предмети од претходната година останале 49 предмети, новопримени предмети 460, вкупно во работа биле 509 предмети, решени биле 436, а останале нерешени 73 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

#### Кривичен оддел

На почетокот на 2024 година нерешени останале 3.103 предмети, новопримени се 10.742 предмети, погрешно заведени 4 предмети, вкупно во работа 13.841 предмети, решени биле 11.613 предмети, а останале нерешени 2.228 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: решени предмети за кои е дозволен правен лек биле 3.665 предмети, обжалени одлуки/одлуки примени од второстепен суд биле 369/274, потврдени биле 164 предмети или 59,9%, укинати биле 70 предмети или 25,6%, преиначени 25 предмети или 9,1%, делумо укинати 2 предмети или 0,7%, отфрлени 13 или 4,7 %.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2024 година, нерешени предмети 3.293, новопримени се 4.882 предмети, вкупно во работа 8.175 предмети, решени биле 4.129 предмети, а останале нерешени 4.046 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: решени предмети за кои е дозволен правен лек биле 2.778 предмети, обжалени одлуки/одлуки примени од второстепен суд биле 498/473, потврдени биле 359 предмети или 75,9%, укинати биле 54 предмети или 11,5%, преиначени 42 предмети или 8,9%, делумно укинати 14 предмети или 2,9 %, и друго 4 предмети или 0,8%.

Квалитетот на работењето на ниво на суд е следен: решени предмети за кои е дозволен правен лек биле 6.443 предмети, обжалени одлуки примени од второстепен суд 867/747, потврдени биле 523 или 70,1%, укинати биле 124 предмети или 16,6 %, преиначени 67 предмети или 9 %, делумно укинати 16 предмети или 2,1%, отфрлени 13 предмети или 1,7 % и друго 4 предмети или 0,5 %.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На крајот на извештајната година, од предметите кои ги решавале судиите, останале нерешени 1.798 стари предмети заклучно со 2022 година, од кои 1.281 стари предмети се оставински предмети кои се во работа кај нотари.

По години по структура на стари нерешени предмети е следна од 2013 година 1, од 2014 година 9, од 2015 година 2, од 2016 година 1, од 2017 година 158, од 2018 година 206, од 2019 година 216, од 2020 година 323, од 2021 година 483, од 2022 година 399 предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во Основниот суд Охрид вкупно вработени има 61, од кои 7 судии и претседател на судот. По систематизација предвидени се 18 судиски места, а вкупно вработени во судската служба се 53. Поради заминување во пензија се 5 вработени помалку, а во 2024 година не бил спроведен оглас за вработување на неопределено работно време.

Во однос на безбедноста на предметите и безбедноста на вработените се задоволени условите, зградата е обезбедена со видео надзор и судска полиција која е 24 часа присутна. Задоволени се и потребите за архивирање на предметите во поглед на просторни услови, но не и во поглед на човечки ресурси, бидејќи во судот нема архивар.Судот располага само со едно возило кое е целосно функционално.

Во судот има 78 персонални компјутери, кои дел од нив не ги исполнуваат основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените. Во тековната година била набавени 24 нови компјутери кои значајно ја подобриле состојбата. Во судот има 41 активни печатари, кои дел се стари, па со набавка на 10 печатари состојбата би се подобрила. Во текот на 2022 година бил обезбеден нов сервер и моментално мрежна опрема ги задоволува постоечките потреби, но доколку се набават нови компјутери ќе има потреба од дополнителни свичеви. Староста на свичевите е алармантна и е потребно истите да бидат заменети со нови.

Во судот активно се работи АКМИС и АБМС апликацијата, активна е WEB страната, има 4 судници во кои е воведено тонско снимање на граѓански предмети преку FEMIDA апликацијата. Се спроведува и првата фаза за електронска достава на акти до учесниците во предметите.

### ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Охрид во тековната 2024 година успеал да го совлада приливот за 94 предмети и го намалил остатокот од предходната година од 6.445 предмети на 6.347 предмети. Во тековната 2024 година вкупно во работа заедно со остатокот од претходната година биле 22.525 предмети од кои решени биле 16.178 предмети, а останале нерешени 6.347 предмети.

Поради наведеното, Основнот суд Охрид се оценува за **ажурен суд**, со оглед дека успеал да го совлада приливот и да го намали остатокот од предходната година. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: да се превеземат мерки за намалување на остатокот на нерешени предмети и да се подобри квалитетот на решавање на предметите, да се превземат мерки за обезбедување на доволен број на судии со оглед дека за тој суд по систематизација се предвидени 18 судиски места, а моментално работат 7 судии и претседателот на судот, како и пополнување на останатите работни места, како и потребно е техничко доопремување на судот со соодветна техничка опрема и да се согледа можноста за обезбедување на потребниот број возила.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Прилеп, 2024 година ја започнал со заостаток од 7071 нерешени предмети од претходната година. Новопримени предмети во 2024 година се вкупно 14.976 предмети. Бројот на предмети повторно земени во работа бил 172

предмети. Во текот на 2024 година во судот по сите основи и заедно со остатокот на предмети од претходната година и погрешно заведените предмети, во работа биле вкупно 22.219 предмети. На крајот на извештајната година, Основниот суд Прилеп решил 14.365 предмети со што не успеал да го совлада вкупниот прилив на новопримени предмети и со вкупно 7854 нерешени предмети, овој суд годината ја завршил како неажурен.

## СУДСКА УПРАВА

На почетокот на 2024 година пренесени се 19 предмети од предходната година, а новопримени биле 304 предмети. Со тоа постапувано е вкупно по 323 предмети од судската управа, од кои 306 биле решени во текот на извештајната година, а 17 останале нерешени.

Во текот на извештајната 2024 година, Основниот суд Прилеп, согласно планот за јавни набавки, објавил и спровел јавни набавки за масло за греење за грејната сезона 2024/2025 година, тонери, канцелариски материјал, електрична енергија и за гориво за службеното возило.

Судот има своја Канцеларија за односи со јавност. На веб страницата на судот редовно се објавувале правосилни одлуки согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите, па во текот на 2024 година се објавени 52 одлуки.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Основниот суд Прилеп е суд со проширена надлежност и работите ги извршува преку Кривичен оддел и Граѓански оддел. Во извештајната 2024 година состојбата на предметното работење по оддели е следна:

### Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел, од претходната година имало заостаток од 5 035 предмети од кривична област со кои започнала извештајната година, а 62 предмети биле земени повторно во работа. Новопримени предмети во 2024 година од кривичната област се 7 339 судски предмети.

Судот во извештајната година во кривичниот оддел во работа имал вкупно 12.436 предмети од кои решил 6 978 предмети а останале нерешени 5458 предмети, односно кривичниот оддел успеал да заврши 56,11 % од вкупниот брј на предмети во работа во овој оддел, а останале незавршени 43,89 % од вкупниот број на предмети кои биле во работа.

Во Кривичниот оддел од вкупно 3 697 обжалени предмети по жалба пред Апелациониот суд Битола, потврдени се 189 предмети или 5,11 %, укинати се 51 предмети или 1.38 % , преиначени се 21 предмети или 0,57 % и отфрлени се 8 предмети или 0,22%.

**Граѓански оддел**

Во Граѓанскиот оддел, на почетокот на 2024 година, пренесени се како нерешени од предходната година 2017 судски предмети од граѓанска област, 110 биле земени повторно во работа. Новопримени предмети во 2024 година се вкупно 7333 судски предмети од граѓанска област односно Основниот суд Прилеп во работа имал вкупно 9 460 предмети од граѓанската област.

Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел од вкупно 9 460 предмети решил 7 081 предмети а останале нерешени 2379 предмети, односно граѓанскиот оддел успеал да заврши 74,65 % од вкупниот брј на предмети во работа во овој оддел, а останале незавршени 25,15 % од вкупниот број на предмети кои биле во работа.

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 2680 предмети по жалба вратени се како потврдени 356 предмети или 13,23 %, укинати се 59 предмети или 2,20 %, преиначени се 31 предмети или 1,16 %, делумно се укинати 23 или 0,86% и отфрлени се 3 предмети или 0,11%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На крајот на извештајната 2024 година, Основниот суд Прилеп не прикажал дека постапувал по стари предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Прилеп веќе подолго време се соочува со недостаток на судии. Имено, во текот на 2024 година во Судот работеле 9-мина судии, од кои 5 се делегирани од други судови.

Во Основниот суд во Прилеп, Судскиот администратор раководи со судската служба и одговорен е за вршење на стручните и административно-техничките работи на судот. Пополнети се работните места Самостоен судски советник, Раководител на одделение за информатика и Раководител на кривичен оддел кои се предвидени со Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места. Работното место Раководител на Граѓански оддел е испразнето но не е пополнето во текот на 2024 година.

Бројот на стручни судски службеници во судот изнесува 8, од кои 5 судски советници, и 3 судски соработници. Бројот на вработени судски референти во Основниот суд Прилеп изнесува 43 на неопределено работно време и 2 на определено. 11 судски службеници со звање помлад судски референт, 4 виши судски референти и 12 самостојни судски референти.

Од 2011 година и покрај повеќегодишните барања, Основен суд Прилеп нема постојано вработен судски референт-книговодител, иако согласно позитивните законски одредби, секоја државна институција неопходно е да има ваков тип на кадар.

Основниот суд Прилеп располага со 7 лица технички персонал и четворица судски полицајци.

Во текот на 2024 година, вработените во судот посетувале обуки организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во Скопје и Бирото за јавни набавки.

Судот располага со доволен број на компјутерска опрема за судските службеници.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Прилеп веќе подолго време се соочува со недостаток на судии, поради што, доведена е во прашање ажурноста во работењето на Судот, квалитетот на сработените предмети, како и опасноста од зголемен број на застарени предмети. За оваа состојба повеќе пати, писмено и усно бил известен Судскиот совет, па иако се делегирани 5-мина судии од други судови, оваа не е трајно решение за судот како суд со проширена надлежност.

Потребно е што побрзо да се изберат нови судии во Основниот суд во Прилеп со цел да се спречи застарувањето на кривичните предмети, како и да се совлада тековниот прилив на предмети. На крајот на извештајната година, Основниот суд Прилеп се оценува за **неажурен суд**.

Од 2011 година и покрај повеќекратно поднесените барања, Основен суд Прилеп нема постојано вработен судски референт-книговодител, иако согласно позитивните законски одредби, секоја државна институција неопходно е да има ваков тип на кадар. Од тие причини неопходно е што побрзо вработување на судски референт-книговодител.

Со капитални инвестиции, дел од компјутерската опрема е сменета со нова, меѓутоа во еден дел, истата квалитативно е во лоша состојба заради дотраеност, а особено е алармантна состојбата со принтери. Во барањата за капитални инвестиции,

Основен суд Прилеп повеќе пати барал за обнова на дел од дотраената информатичка опрема.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година на ниво на суд во работа биле вкупно 5104 предмети, од кои решени се 4152 предмети, додека 952 се водат како нерешени.

### СУДСКА УПРАВА

Вкупно во работа 668 предмети, решени 662 предмети, 6 нерешен предмет.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

**Кривичен оддел**

Решени се 65 предмети, од кои: 37 односно 59,68 % потврдени, 22 односно 35.48 % укинати и 3 односно 4.84 % преиначени. Во 3 предмети жалбата е одтврлена. Отврлените жалби не се прикажани во изразените проценти.

Во судот вкупно решени 83 од кои: потврдени 51 односно 63,75 %, укинати 24 односно 30%, преиначени 5 дносно 6.25%.

**Граѓански оддел**

Решени се 18 предмети, од кои: 14 односно 77.78% се потврдени, 2 односно 11.11 % укинати, 2 односно 11,11 % преиначени.

### СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2024 година, вкупно 113 стари предмети биле во работа од кои, 21 предмети се решени, а останале нерешени 92 предмети.

### КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Во 2024 година, покрај двајца активни судии работеле и двајца виши судски соработници, од кои едниот се пензионира на 11.02.2024 година, 1 судски соработник од 16.10.2024 година, 1 помлад судски соработник, 4 референти во писарница, 1 преведувач, 3 дактилографи, 1 информатичар, 1 економ кој работи и

како возач, 1 хаусмајстор, 1 доставувач, 1 хигиеничар и 4 судски полицајци.

Во судот постои канцеларија за односи со јавноста водена од страна на судски соработник.

Во извештајната година не е реализирано ниту едно вработување од тие причини се нотира потребата од нови вработувања.

Се нотираат добри просторни услови за работа на судот, со опремени канцеларии, но се потенцира потребата од нова фасада на судската зграда со соодветна изолација. Судот нема посебен службен влез, за контрола на странките и зголемување на безбедноста во 2020 година е инсталирана опрема за видео надзор во внатрешниот и надворешниот дел од зградата.

Судото користи автоматизираниот информатички систем АКМИС. Информатичката технологија се состои од 24 компјутери, 2 лаптопи и 21 печатач кои се во употреба. Во извештајот се нотира дека информатичката опрема е солидна.

### ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основнот суд Ресен се оценува за **ажурен суд**, со оглед дека е совладан приливот. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: пополнување на испразнетите места кои би влијаеле на ажурноста и квалитетот на одлуките на судот.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Струга од претходната 2023 година останале нерешени вкупно 6602 предмети, а новопримени во текот на 2024 година биле 17.597 предмети, 143 предмети повторно биле во работа, 3 предмети погрешно заведени, така што вкупниот број на предмети во работа во 2024 година бил 24.339 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2024 година биле решени 17.625, а останале нерешени 6.714 предмет. Со оглед на наведените податоци во извештајната 2024 година Основниот суд Струга решил 72,41% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд поради што е оценент за **неажурен суд.**

### СУДСКА УПРАВА

Во работењето на судската управа, нема нерешени предмети на почетокот на годината, новопримени во текот на 2024 година биле 2.034 предмети, погрешно заведени нема. Вкупно предмети во работа 2.034 и сите биле решени.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Од вкупниот број на решени 317 предмети, потврдени се 188 предмети, односно 59,30%, укинати се 75 предмети, односно 23,66% и преиначени 54 предмети, односно 17,04%.

### Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Струга од претходната извештајна година останале нерешени 4617 предмети, новопримени биле 8.898 предмети, 58 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведен е 1 предмет. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 13.572 предмети, од кои решени биле 8.882 предмети, а останале нерешени 4.690 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 158 предмети, потврдени биле 75 предмети, односно 47,46%, укинати 36 предмети, односно 22,78% и преиначени 47 предмети, односно 29,76%.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Струга за 2024 година нема податоци за предмети во Прекршочниот оддел.

### Граѓански оддел

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Струга од претходната извештајна година останале нерешени 1.985 предмети, новопримени биле 6.665 предмети, 85 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени се 2 предмети. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 8.733 предмети, од кои решени биле 6.709 предмети и останале нерешени 2024 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 159 предмети, потврдени биле 113 предмети, односно 71,06%, укинати 39 предмети, односно 24,54% и преиначени 7 предмет, односно 4,40%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На крајот на годината останале вкупно 810 стари предмети. Во текот на 2024 година решени се 590 предмети.

Од нерешените предмети 54 се кривично полнолетни, 638 се прекршочни предмети, 9 предмети извршување на санкции, 82 парнични предмети, 1 предмет по приговор за неправилности во извршување и 26 вонпарнични предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Зградата на судот е релативно нова и истата е доградена и реновирана, снабдена е со нов мебел за сите простории и се обезбедени просторни услови за работа на вработените. Опремени се 3 граѓански судници со опрема за тонско снимање, а ќе се бара средства за опремување на уште неколку простории за аудио-видео снимање согласно новиот Закон за кривичната постапка. Просторните услови не ги задоволуваат потебите на судот.

Во Основниот суд Струга работата по судските предмети се одвива целосно во АКМИС програма. Во 2024 година биле одржани обуки на вработените по однос на функционирањето на АКМИС и други работи од информатички карактер. По однос на е - достава била спроведена постапка за регистрација на на корисниците во е – достава.

Во Основен суд Струга заклучно со 31.12.2024 година биле 50 вработени, од кои 4 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, а 1 судија бил делегиран да ја врши судиската функција во Основен суд Струга од 07.09.2024 година. Предвиден број на судии е 15. Останатите 46 вработени се судски службеници. Во 2023 и 2024 година не било одобрено ниту едно вработување. Во 2024 година биле склучувани договори на определено време.

Во судот има само 1 информатичар, 1 хигиеничар и 4 припадника на судска полиција. Во судот е потребно вработување на кадар од сите профили, за да се остварува навремено и ажурно остварување на работните обврски во судот. Зградата се состои од приземје и 4 ката. Во зградата е сместено и Основно јавно обвинителство.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Основниот суд Струга решил 72,41% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и е **неажурен суд.**

За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки, да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети, да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Годишниот план за вработување иподобрување на просторните капацитети во судот за непречено одвивање на работата во Основниот суд Струга.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

На почетокот на извештајниот период за 2024 година, во Апелациониот суд Штип останале нерешени вкупно 1.343 предмети, новопримени се 2.375 предмети, или вкупно во работа биле 3.718 предмети. Во текот на извештајната година решени се 1.709 предмети, а останале нерешени 2.009 предмети. Приливот на предмети од тековната година не е совладан. Заостатокот е зголемен за 666 предмети, или за 49,60 % во однос на заостатокот од 2023 година.

### СУДСКА УПРАВА

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 1.708 предмети кои се решени.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен оддел**

Во кривичниот оддел, од претходната година имало заостаток 196 предмети нерешени со кои започнала извештајната година.

Примени се нови 376 второстепени кривични предмети заведени како КЖ, 19 предмети за второстепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници КЖМ, 134 предмети за второстепен кривичен совет КСЖ, 392 второстепени прекршочни предмети ПРКЖ, и 29 предмети заведени во уписник како разни кривични предмети КР.

Судот во извештајната година во кривичниот оддел вкупно во работа имал 1.150 предмети од кои решил 844 предмети а останале нерешени 306 предмети.

На ниво на Кривичен оддел квалитетот на предметите по жалба е пресметан од вкупно решените 844 предмети. Бројот на потврдени предмети во жалбена постапка е 14 или 1,66%, бројот на укинати предмети е 8 или 0,95%, бројот на преиначени предмети е 3 или 0,36%, и отфрлени се 4 или 0,47%.

**Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел, од претходната година имало заостаток од 642 второстепени граѓански предмети ГЖ, 210 второстепени предмети по спорови од

работни односи РОЖ, 295 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ, или вкупно заостаток од предходната година 1.147 со кои започнала извештајната година.

Новопримени во работа во тековната година биле 658 второстепени граѓански предмети ГЖ, 464 второстепени предмети по спорови од работни односи РОЖ, 274 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ, и 21 предмети заведени во уписник за разни граѓански предмети или вкупно 1.417 ново примени предмети во извештајната година. Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел во работа имал вкупно 2.568 предмети од кои решил 865 предмети а останале нерешени 1.703 предмети.

На ниво на Граѓански оддел квалитетот на предметите по жалба е пресметан од вкупно решените 865 предмети. Бројот на потврдени предмети во жалбена постапка е 18 или 2,08%, бројот на укинати предмети е 5 или 0,58%, бројот на преиначени предмети е 1 или 0,12% и отфрлени се 7 или 0,81%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Апелациониот суд Штип 2024 година ја завршил со 1.001 стари нерешени предмети, и тоа 96 предмети од кривична материја и 905 предмети од граѓанска материја.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во текот на 2024 година, Апелациониот суд Штип имал 49 вработени од кои 7 судии заедно со претседателот на судот, 34 судски службеници, 6 припадници на судската полиција и 2 хигиеничари.

Просторните капацитети на зградата на Апелациониот суд во Штип во начело ги задоволуваат потребите за условите за извршување на работните задачи освен што постои недостаток на простории за посоодветно сместување на судските советници и соработници како и на записничарите. Просториите во кои се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема, секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и интернет. Судот располага со три судници од кои едната е со систем на тонско снимање и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот.

По однос на употребата и примената на информатичкиот систем истиот во целост е функционален. Во текот на 2024 година бил набавен еден персонален компјутер и монитор, и инсталиран софтвер за аудио снимање на судски расправи со лиценца.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од аспект на предметното работење судот се оценува за **неажурен суд**, односно го зголемил заостатокот на нерешени предмети на крајот на годината.

Во текот на 2025 година потребно е судиите да да ги решат старите предмети, особено предметите кои се од постари годишта. Сепак за поголема ажурност на судот и намалување на заостатокот на нерешени предмети неопходно е во судот да бидат избрани најмалку 6 нови судии.

Потребно е во следниот период да се зголеми бројот на вработени во судската служба со пополнување на испразнетите работни места, и унапредувања на судските службеници. Исто така, потребна е и континуирана едукација на судиите и вработените во судот.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Берово од претходната 2023 година останале нерешени вкупно 542 предмети, а новопримени во текот на 2024 година биле 3.486 предмети, 20 предмети повторно биле во работа, нема погрешно заведени предмети, така што вкупниот број на предмети во работа во 2024 година бил 4.048 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2024 година биле решени 3.201, а останале нерешени 847 предмет. Со оглед на наведените податоци во извештајната 2024 година Основниот суд Берово не го совладал приливот и решил **79,07%** од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и е **неажурен суд**.

### СУДСКА УПРАВА

Во работењето на судската управа, нема нерешени предмети на почетокот на годината, новопримени во текот на 2024 година биле 511 предмет, погрешно заведени нема. Вкупно предмети во работа 511, од кои биле решени 510 предмети, а 1 предмет останал нерешен.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Од вкупниот број на решени 1.119 предмети, потврдени се 35 предмети, односно 3,13%, укинати се 13 предмети, односно 1,16% и преиначени 8 предмети, односно 0,71%.

**Кривичен оддел**

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Берово од претходната извештајна година останале нерешени 269 предмети, новопримени биле 1.944 предмети, 8 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 2.221 предмети, од кои решени биле 1.781 предмети, а останале нерешени 440 предмет.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 833 предмети, потврдени биле 20 предмети, односно 2,4%, укинати 6 предмети, односно 0,72% и преиначени 2 предмети, односно 0,24%.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Берово за 2024 година нема податоци за предмети во Прекршочниот оддел.

**Граѓански оддел**

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Берово од претходната извештајна година останале нерешени 273 предмети, новопримени биле 1.031 предмети, 12 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 1.316 предмети, од кои решени биле 910 предмети и останале нерешени 406 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 286 предмети, потврдени биле 15 предмети, односно 5,24%, укинати 7 предмети, односно 2,45% и преиначени 6 предмет, односно 2,09%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно 84 стари предмети, во текот на 2024 година решени се 23 предмети, останале нерешени 61 предмети

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Основниот суд Берово е сместен во зграда на 2 спрата. Во судот има 2 влеза, од кои едниот го користи ЈО Берово. Инсталацијата на парното греење е дотраена и е неопходно итно реновирање. Извршена е набавка на камери за видео надзор и на нова телефонска централа. Од безбедносен аспект потребно е да се стави детекторска врата на влезот во судот.

Во Основниот суд Берово е опремена 1 судница со тонско снимање. Информатичката опрема е обновена, но потребно е да се набават уште 4 нови компјутери. Програмските апликации во судот функционираат добро.

Во Основниот суд Берово во 2024 година биле вработени 22 судски службеници и 6 лица судска полиција. На почетокот на годината постапувале 2 судии – времено упатени за вршење на судиската функција, од кои 1 ВД Претседател на судот. Од ноември 2024 година постапува само 1 судија, кој е времено упатен за вршење на судиска функција и истовремено е и ВД Претседател на судот. Според систематизацијата за бројот на судии во Основен суд Берово судиската функција треба да ја извршуваат 3 судии со претседателот на судот. Според систематизацијата, како и според реалните потреби во судот потребно е да се вработат: 1 информатичар, 1 дактилограф, 1 стручен соработник, 1 хигиеничар и 1 самостоен судски референт.

### ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Основниот суд Берово не го совладал приливот и решил 79,07% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд поради што се оценува за **неажурен суд.** За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки, да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети, да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Годишниот план за вработување, реновирање на инсталацијата за парно греење и набавка на детекторска врата на влезот во судот.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Судот ја започнал годината со 254 предмети, а примил нови 3.421 предмети. Повторно во работа се земени 12 предмети. Оттука, во работа биле вкупно 3.687 предмети, од кои решени се 3.463 предмети, а нерешени останале 224 предмети. Приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 30 предмети, односно за 11,81 % во однос на заостатокот од 2023 година.

### СУДСКА УПРАВА

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 573 предмети, решени се 572 предмети, а постапката е незавршена по 1 предмет.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 133 предмети. Примени со нови 1.644 предмети, а 4 предмети се земени повторно во работа. Вкупно во работа имало 1.781 предмети, од кои решени се 1.647 предмети, додека нерешени останале 134 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 1 предмет или за 0,75% во споредба со 2023 година.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 486 предмети (според податок од табела „Квалитет на предмети на ниво на оддел“ кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела „Предметно работење на ниво на оддел“), 22 предмети или 4,52 % се потврдени, 3 предмети или 0,60 % се укинати, а 4 предмети или 0,82 % се преиначени.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 121 предмети. Примени се нови 1.204 предмети, па со 8 предмети земени повторно во работа, вкупно во работа имало 1.333 предмети. Решени се 1.1244 предмети, додека нерешени останале 89 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 32 предмети или за 26,45 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 333 предмети (според податок од табела бр.5 кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела бр.4), 9 предмети или 2,70 % се потврдени, 6 предмети или 1,80 % се укинати и 4 предмети или 1,20 % се преиначени.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Основниот суд Виница на почетокот на 2024 година имал 27 стари предмети. На крајот на 2024 година останале 19 стари предмети, што значи дека бројката е намалена за 8 предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Во текот на 2024 година Основниот суд Виница работел со двајца судии, вклучително и претседател на судот. Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Виница предвидени се 38 работни места од кои пополнети се 14. Притоа, со оглед да во последните неколку години (сметано од 2021 година) на 9 лица им престанал

работниот однос по разни основи, во текот на 2024 година се вработени 6 лица на определено време заклучно со 31.12.2024 година.

Основниот суд Виница е сместен во зграда која во целост не ги задоволува просторните потреби на судот. Недостасува уште една сала за судење, како и наменски простор за одлагање и чување на архивска граѓа. Судот има сопствено парно, просториите се климатизирани и опремени со потребниот мебел.

Судот е опремен со компјутери, има два скенери и три централни печатари (еден од 2010 година). Се користи интернет и електронска пошта. Во оваа област потребно е обновување на постоечкото мрежно поврзување, кое е од 2009 година.

Воедно, Основниот суд Виница располага со едно моторно возило кое е старо 22 години, па е потребно да се изврши јавна набавка на ново возило, како што е сторено во поголемиот број од судовите.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Од аспект на предметното работење судот се оценува за **ажурен суд**.

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети. Во наредниот период потребно е да преземат напори по однос на пополнување на работните места во судската служба, Воедно, треба да се подобрат просторните капацитети и капацитетите на информатичката опрема на судот и потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## <u>ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО</u>

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Делчево од претходната 2023 година останале нерешени вкупно 1.586 предмети, а новопримени во текот на 2024 година биле 5.458 предмети, 66 предмети повторно биле во работа, нема погрешно заведени предмети, така што вкупниот број на предмети во работа во 2024 година бил 7.110 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2024 година биле решени 5.549, а останале нерешени 1.561 предмет. Со оглед на наведените податоци во извештајната 2024 година Основниот суд Делчево не го совладал приливот и решил 78,04% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и е неажурен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работењето на судската управа, нема нерешени предмети на почетокот на годината, новопримени во текот на 2024 година биле 481 предмет, погрешно заведени нема. Вкупно предмети во работа 481, од кои биле решени 478 предмети, а 3 предмети останале нерешени.

**РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА**

Квалитетот на предметите на ниво на судот е следна: од вкупниот број на решени 1.974 предмети, потврдени се 89 предмети, односно 4,51%, укинати се 63 предмети, односно 3,2% и преиначени 22 предмети, односно 1,11%.

**Кривичен оддел**

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Делчево од претходната извештајна година останале нерешени 981 предмети, новопримени биле 2.424 предмети, 9 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 3.414 предмети, од кои решени биле 2.905 предмети, а останале нерешени 1.049 предмет.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 1.298 предмети, потврдени биле 21 предмети, односно 1,02%, укинати 8 предмети, односно 0,34% и преиначени 18 предмети, односно 1,86%.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Делчево за 2024 година нема податоци за предмети во Прекршочниот оддел.

**Граѓански оддел**

Во **Граѓанскиот оддел** на Основниот суд Делчево од претходната извештајна година останале нерешени 605 предмети, новопримени биле 2.013 предмети, 57 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 2.675 предмети, од кои решени биле 2.166 предмети и останале нерешени 509 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 676 предмети, потврдени биле 68 предмети, односно 2,77%, укинати 55 предмети, односно 2,45% и преиначени 4 предмет, односно 0,65%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно 220 стари предмети, во текот на 2024 година решени се 135 предмети, останале нерешени 85 предмети

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Делчево е сместен во зграда на 2 спрата. Во судот има 2 влеза, од кои едниот го користи ЈО Делчево. Инсталацијата на парното греење е дотраена и е неопходно итно реновирање. Исто така, потребно е замена на теписонот во судот, кој е стар 40 години и е потребно ставање на ламинат.

Во Основниот суд Делчево е опремена 1 судница со тонско снимање. Од информатичката опрема има потреба од замена на неколку постари комјутери. Програмските апликации во судот функционираат добро.

Во Основниот суд Делчево во 2024 година биле вработени 31 лице, од кои 26 лица на неопределено време, а 5 лица на определено време. Судската функција до 06.09.2024 годија ја извршувале 2 судии, од кои 1 судија бил делегиран од Основен суд Струмица за период од 1 година. Еден судија е воедно и Претседател на судот и судиската функција ја извршувал сам од 06.09.2024 година до 25.10.2024 година, а од 25.10.2024 година повторно бил делегиран судија од Основен суд Струмица за период од 1 година. Според систематизацијата за бројот на судии во Основен суд Делчево судиската функција треба да ја извршуваат 3 судии со претседателот на судот. Во текот на 2024 година 3 вработени заминале во пензија, а заменикот командир на судска полиција дал отказ во декември 2024 година. Според систематизацијата, како и според планот за вработување за 2025 година во судот потребно е да се вработат уште 12 лица.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Основниот суд Делчево не го совладал приливот и решил 78,04% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд поради што е оценет за **неажурен суд.** За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки, да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети, да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Годишниот план за вработување и реновирање на инсталацијата за парно греење и подот во судот.

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година во Основниот суд Кочани, нерешени од претходната година останале 3.000 предмети, новопримени биле 12.467 предмети, повторно во работа 96 предмети, погрешно заведени 2 предмети, вкупно предмети во работа биле 15.561 предмети, решени 12.533 предмети, а останале нерешени 3.028 предмети.

### СУДСКА УПРАВА

На почетокот на извештајната 2024 година нерешени предмети од претходната година останале 0 предмети, новопримени предмети 2.155, погрешно заведени 1 предмет, вкупно во работа биле 2.154 предмети, решени биле 2.146, останати нерешени 8 предмети.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ НА РАБОТА

Во текот на 2024 година вкупно решени предмети биле 2873, потврдени 173 предмети или 6%, укинати биле 76 предмети или 2,6%, преиначени биле 37 предмети или 1,3 %.

Квалитетот на работењето на ниво на суд е следен: решени предмети биле 2.873 предмети, потврдени биле 173 или 6%, укинати биле 76 предмети или 2,6 %, преиначени 37 предмети или 1,3 %.

**Кривичен оддел**

На почетокот на 2024 година нерешени останале 1.765 предмети, новопримени се 1.429 предмети, повторно во работа 47 предмети, погрешно заведени 1 предмет, вкупно во работа 3.240 предмети, решени биле 1.792 предмети, а останале нерешени 1.448 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: решени предмети биле 1.792 предмети, потврдени биле 97 предмети или 5,4%, укинати биле 33 предмети или 1,8%, преиначени 21 предмет или 1,2%.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2024 година, нерешени предмети 731, новопримени се 1.186 предмети, повторно во работа 48 предмети, погрешно заведен 0 предмет, вкупно во

работа 1.965 предмети, решени биле 1.081 предмети, а останале нерешени 884 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: решени предмети биле 1.081 предмети, потврдени биле 76 предмети или 7%, укинати биле 43 предмети или 4%, преиначени 16 предмети или 1,5%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на 2024 година во Основниот суд Кочани во работа имало вкупно 328 стари предмети по разни основи.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во Основниот суд Кочани согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места предвидени се вкупно 88 работни места од кои заклучно со 31.12.2024 година имало вработено вкупно 36 судски службеници согласно Законот за судска служба, 4 вработени по Законот за работните односи. Судот работел со 6 судии, вклучително и претседателот од кои 2 распореди на кривичен оддел за полнолетни, 1 да постапува по прекршоци, 1 како претседател на Кривичен совет и 2 на граѓански оддел. Во тековната 2024 година 1 судија-претседателот на судот бил избран за судија во Апелационен суд Штип, едниот судија кој бил делегиран и се вратил во Основен граѓански суд Скопје и од декември 2024 година судот работи со 5 судии.

За Основен суд Кочани е предвидено да постапуваат и судиската функција да ја извршуваат 10 судии,а во моментот се пополнети само 5 места, од кои 1 е претседателот.

Во судот просторните капацитети релативно ги задоволуваат основните потреби за нормално функционирање. Секој судија има своја канцеларија, стручните соработници се сместени по двајца во една канцеларија и нема посебен простор за записничарите. Судот има три опремени судници, па поради немањето на доволен број на судници, најголем дел од граѓанските предмети се одржуваат во канцелариите на судиите. Нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокатите, а просторот за архива веќе станува недоволна за сместување на архивираните предмети. Проблем преставува и тоа што во зградата е сместено Основното јавно обвинителство Кочани и Државното правобранителство кои заземаат добар дел од просториите во зградата.

ИКТ опремата во Основен суд Кочани ги задоволува тековните потреби. Се води исклучиво електронска евиденција на предметите, се врши електронска достава, обезбеден е пристап до интернет, тековно и ажурно се врши објави на

правосилните одлуки, се врши одржување на постојаните хардверски и софтверски системи, се врши скенирање на поднесоци, се врши тонско снимање на граѓанските рочишта. Во 2024 година во судот има во употреба три софтверски аликации АКМИС, АБМС и ФЕМИДА.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на изнесените податоци може да се заклучи дека Основниот суд Кочани во тековната 2024 година успеал да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот од претходната година, поради што се оценува за **ажурен суд**. Во тековната година вкупно во работа биле 15.561 предмети, од кои 3.000 предмети биле остаток од претходната година, решени биле 12.533 предмети, а останале нерешени 3.028 предмети. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки, да се работи на намалување на остатокот на нерешени предмети и да се подобри квалитетот на решавање на предметите, да се превземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии каде е предвидено 10 судии, а во моментот судиската функција во овој суд ја вршат 5 судии од кои еден е претседател, и да се согледа можноста за обезбедување на потребните просторни капацитети.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Радовиш е суд со основна надлежност. Судот ја започнал 2024 година со 2 290 предмети од предходната година. Во работа примил 8 350 нови предмети и со 39 предмети повторно земени во работа и 7 погрешно заведени предмети, вкупно во работа имал 10 672 предмети.

Од нив решени се 8 229 предмети, а нарешени останале 2 443 предмети. Со тоа, Судот успеал до совлада 77,1 % од вкупниот број на предмети во работа, а останале незавршени 22,9% од предметите.

И покрај максималното ангажирање на двајцата судии, од кои едниот е и В.Д. Претседател на Судот, сепак, приливот на предмети не бил совладан и покрај двократното и трикратно исполнување на нормата од страна на двајцата судии, а тоа значително се одразило на работењето на судот и почитување на законски предвидените рокови, со што овој суд останал неажурен.

## СУДСКА УПРАВА

Во судската управа, како предмети во соодветни уписници постапувано е по 933 предмети (1 бил нерешен од предходната година), решени се сите 933 предмети.

Во извештајната 2024 година спроведени биле две постапки за јавни набавки врз основа на Годишниот план за јавни набавки и согласно Законот за јавни набавки.

Во извештајната година од страна на Судско буџетскиот совет одобрени биле финансиски средства за набавка на патничко возило, но истата не била спроведена и реализирана, со што останала потребата од набавка на службено возило.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Работата на Основниот суд Радовиш е организирана во Кривичен оддел и Граѓански оддел. Судот покажал високо ниво на квалитет во работењето. На ниво на судот во извештајната 2024 година, од вкупно 8 350 завршени предмети, од 107 предмети вратени по жалба од Апелациониот суд Штип, потврдени се 71 предмети или 3,61% од вкупно решените предмети кои биле обжалени, укинати се 18 предмети или 0,91% од вкупниот број на предмети кои биле обжалени, а 9 предмет или 0,45% од вкупниот број на предмети кои биле ожалени биле преиначени, 7 предмети или 0,35% од вкупно решените предмети кои биле обжалени биле делумно укинати и 2 предмети или 0,1%биле отфрлени. Состојбата со предметното работење по оддели е следната:

### Кривичен оддел

Од претходната 2023 година на почетокот на 2024 година имало заостаток од 796 предмети. Примени се нови 1 252 предмети, а предмети кои биле повторно во работа биле 21, погрешно заведени биле 3 предмети или вкупно во работа имало 2 066 предмети. Решени се 1 428 предмети и останале за работа 638 предмети.

Во врска со квалитетот на работата на кривичниот оддел за 2024 година, од вкупно 1428 предмети кои биле решени во работа пред Основниот суд Радовиш, по жалба пред Апелациониот суд Штип, потврдени биле 49 предмети или 3,49% од вкупниот број на предмети, укинати биле 15 предмети или 1,05% од вкупниот број на предмети и преиначени биле 8 предмети или 0,56% од вкупниот број на предмети, 2 предмети делумно укинати или 0,14% од вкупно решените предмети и 1 предмет бил отфрлен или 0,07% од вкупно решените предмети.

Во жалбена постапка пред Апелациониот суд Штип вратени се 60 прекршочни предмети.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2024 година, во граѓанскиот оддел пренесени се како нерешени од предходната година 267 судски предмети, новопримени предмети во 2024 година се вкупно 541 предмети, повторно од работа од граѓанска област биле 16 предмети, или вкупно во работа судот имал 824 предмети од граѓанската област. Во текот на извештајната година вкупно биле решени 536 предмети, а останале нерешени 288 предмети на ниво на граѓанскиот оддел.

Во однос на квалитетот на работа во граѓанскиот оддел Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел од вкупно 32 предмети по жалба пред Апелациониот суд Штип, потврдени се 22 предмети –или 4,1 % од вкупно решените предмети, укинати се 3 предмети - или 0,55% од вкупно решените предмети, 1 предмет е преиначен или 0,18% од решените предмети и 5 делумно укинати или 0,93% од вкупно решените предмети и 1 отфрлен предмет или 0,18% од вкупно решените предмети.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

Во текот на извештајната 2024 година судот постапувал по 139 стари нерешени предмети со пренесените 59 предмети од 2023 година, новопримени се 80 предмети, решени 54 предмети и со остаток на крајот на извештајната 2024 година од 85 предмети, односно, по видови на предмети на крајот на 2024 година останале нерешени: 17 кривични предмети, 34 оставински предмети, 6 предмети за извршување казна затвор, 6 прекршочни предмети, Малв 1 предмет, 16 предмети РО, П1- 5 предмети.

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во текот на извештајната 2024 година, судиската функција во Основниот суд Радовиш ја извршувале двајца судии ( еден од судиите е и В.Д. Претседателот на судот). Иако со Одлука на Судски совет на РМ утврдени се места за 6 судии кои треба да ја извршуваат судиската функција како во граѓанска така и во кривична материја, во судот веќе подолго време работат само двајца судии. Значително е намален и бројот на судските службеници. Имено, според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Радовиш непополнети се 25 работни места.

Со одобрените финансиски средства и набавката на компјутери како извештајната така и претходната година, значително била подобрена информатичката опрема, со што е подобрен капацитетот и спроведувањето на

дејствијата во програмата АКМИС и влијанието врз функционирањето на целокупното работење на Судот.

По однос на просторните капацитети и информатичката технологија во извештајната 2024 година, судот како и во предходните години се соочувал со проблеми. Имено, Судот е сместен во зграда во која, покрај него, се сместени и Основното јавно обвинителство Радовиш и подрачните единици на Агенцијата за катастар на недвижности и Управата за јавни приходи. Сите овие органи користат заеднички влез, заедничко дворно место и делумно заедничка инсталација, што предизвикува проблеми од организационен карактер, особено во делот на обезбедувањето соодветна безбедност на луѓето и имотот во судската зграда.

Со цел остварување минимални стандарди за безбедност на вработените и имотот во Судот, од голема важност е набавка и инсталација на опрема за видео надзор и врата за контролиран пристап, за што е неопходно да бидат одобрени финансиски средства.

Во врска со состојбата на судските сали, Основниот суд Радовиш располага со три судници, но само една од салите е опремена со опрема за тонско снимање на текот на судските рочишта. Судот не располага со посебна библиотека, а стручната литература примарно ја набавува во форма на донација.

По однос на информатичката технологија состојбата е значително подобрена, така што во извештајната 2024 година тоа се почувствувало и во однос на потребите на АКМИС програмата.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

И покрај работата со екстремно намален број на судии и судски службеници, Основниот суд Радовиш во однос на предметното работење покажал квалитетни резултати. Статистичките податоци во врска со квалитетот на работата покажуваат дека овој суд се одликува со висок процент на необжалени одлуки, и висок процент на обжалени но потврдени одлуки од повисоките судови. Овие показатели укажуваат дека се работи за суд со високо квалитетни резултати во работењето. Сепак, приливот на предмети не бил совладан и покрај двократното и трикратно исполнување на нормата од страна на двајцата судии, а тоа значително се одразило на работењето на судот и почитување на законски предвидените рокови, со што овој суд се оценува за **неажурен суд**.

Значајно е во периодот што следи кадровски да се зајакне Судот со судии и судски службеници. Имено, со Одлука на Судски совет на РМ утврдени се 6 судии кои треба да ја извршуваат судиската функција како во граѓанска така и во кривична материја, но во судот веќе подолго време работат само двајца судии од кои еден е В.Д. Претседател на судот. Неодложно потребно е до пополнувањето на судиските

места да се делегира барем еден судија на една година. Покрај тоа, со намалувањето на бројот на судските службеници Судот се соочува со проблем на редовно и нормално функционирање во постапувањето. Имено, според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Радовиш непополнети се 25 работни места и постои потреба од пополнување барем на дел овие работни места заради нормално функционирање на судот.

Просторните услови на судот се незадоволителни, и мора да се вложат напори за подобрување на просторното сместување. Минималните стандарди за безбедност на вработените и имотот во Судот, налагаат набавка и инсталација на опрема за видео надзор и врата за контролиран пристап, за што е неопходно да бидат одобрени финансиски средства.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2024 година во Основниот суд Свети Николе, нерешени од претходната година останале 694 предмети, новопримени биле 6.543 предмети, повторно во работа биле 30 предмети, погрешно заведени 15 предмети, вкупно во работа биле 7.252 предмети, решени 6.737 предмети, а останале нерешени 515 предмети.

### СУДСКА УПРАВА

На почетокот на извештајната 2024 година новопримени предмети 911, вкупно во работа биле 911 предмети, решени биле 910, нерешен останал 1 предмет.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТА

Решени предмети вкупно биле 6.737, потврдени 109 предмети или 1,6%, укинати биле 24 предмети или 0,3% и преиначени биле 2 предмети или 0,03%.

#### Кривичен оддел

На почетокот на 2024 година нерешени биле 477 предмети, новопримени биле 4.270 предмети, повторно во работа биле 17 предмети, погрешно заведени 1 предмет, вкупно во работа биле 4.747 предмети, решени биле 4.411 предмети, а останале нерешени 336 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените 4.411 предмети, потврдени биле 60 предмети или 1,4%, укинати биле 12 предмети или 0,3% и преиначени 1 предмети или 0,02%.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2024 година, нерешени предмети 112, новопримени се 352 предмети, повторно во работа биле 13 предмети, погрешно заведен 14 предмети, вкупно во работа биле 474 предмети, решени биле 408 предмети, а останале нерешени 66 предмети.

Квалитетот на работа во овој оддел е следен: од вкупно решени 408 предмети потврдени биле 49 предмети или 12%, укинати биле 12 предмети или 2,9% и преиначен бил 1 предмет или 0,2%.

**СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

На крајот на извештајната година, од предметите кои ги решавале судиите, останале нерешени 2 стари предмети од извршување на санкции од кои еден првпат бил заведен 2019 година и еден првпат заведен во 2021 година, 4 стари нерешени предмети од кривично-полнолетни од кои еден првпат бил заведен во 2021 година и три првпат заведени во 2022 година, два граѓански предмети кои првпат заведени во 2022 година и седум прекршочни предмети кои првпат се заведени во 2022 година..

**КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во Основниот суд Свети Николе за обавување на судиската функција предвидени се 4 судии. Во текот на 2024 година судиската функција ја извршувале 2 судии избрани во судот, но во ноември 2023 година делегиран бил еден судија од Основниот кривичен суд Скопје за период од една година. Непополнети се две места за судија. Според Правилникот за организација и систематизација на работните места во овој суд, се систематизирани 26 работни места, а предвидени се 48 извршители за поодделните работни места. Овој суд во текот на 2024 година работел со 14 судски службеници. Има потреба од приоритетно вработување од 2 извршители – судска полиција кои се предвидени по систематизација, заради 24 часовно обезбедување на судската зграда, кое сега не може да биде остварено. Согласно систематизацијата има непополнети повеќе работни места.

Зградата на Основниот суд Свети Николе е изградена во 1976 година. Судиите се сместени во посебни канцеларии, а има работни канцеларии и за останатите вработени во судот. Има заедничка просторија за вработените која ја користат за појадок, како и посебна просторија за одлагање и чување на архивската граѓа. Просторните капацитети на судот задоволуваат за тековното работење.

Во судот интензивно се користела информатичката технологија. Се работи во помал дел на оперативни системи Windows XP и Windows 7, но набавени биле 12 нови персинални комјутери. Извршена била надградба на софтер за аудио и видео снимање на судски расправи. Работат со стари принтери и неопходно е да набават 4 нови принтери. Исто така потребно е во тековната година да се набават батерии за UPS уредите.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од доставениот годишен извештај за работата на Основниот суд Свети Николе во 2024 година судот се оценува за **ажурен суд**, бидејќи успешно го совладал приливот на предмети, па така од 6.543 новопримени предмети, решени биле 6.737 предмети со што бил намален и остататокот на предмети од претходната година. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки, да се преземат мерки да се намалат останатите нерешени предмети, да се превземат мерки за обезбедување на потребниот број судии, пополнување на потребниот број на вработени како и да се превеземат мерки за техничко опремување потребната техничка опрема.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Судот ја започнал годината со 2.715 предмети, а примил нови 19.507 предмети. Повторно во работа се земени 104 предмети, а погрешно се заведени 4 предмети.

Оттука, во работа биле вкупно 22.322 предмети, од кои решени се 18.564 предмети, а нерешени останале 3.758 предмети.

Приливот на предмети од тековната година не е совладан. Заостатокот е зголемен за 1.043 предмети, или за 38,42 % во однос на заостатокот од 2023 година.

## СУДСКА УПРАВА

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2.272 предмети кои се решени.

## РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Состојбата со предметното работење е следната:

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.685 предмети. Примени со нови 10.976 предмети, 68 предмети се земени повторно во работа, а 2 предмети се погрешно заведени. Вкупно во работа имало 12.729 предмети, од кои решени се 10.747 предмети, додека нерешени останале 1.982 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 297 предмети или за 11,63 % во споредба со 2023 година.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 3.179 предмети (според податок од табела „Квалитет на предмети на ниво на оддел" кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела „Предметно работење на ниво на оддел"), 130 предмети или 4,09 % се потврдени, 45 предмети или 1,42 % се укинати, а 22 предмети или 0,69 % се преиначени.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.030 предмети. Примени се нови 8.531 предмети, 36 предмети земени повторно во работа, а 2 предмети се погрешно заведени. Оттука, вкупно во работа имало 9.597 предмети. Решени се 7.821 предмети, додека нерешени останале 1.776 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 746 предмети или за 72,43 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 1.433 предмети (според податок од табела „Квалитет на предмети на ниво на оддел" кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела „Предметно работење на ниво на оддел"), 101 предмети или 7,05 % се потврдени, 26 предмети или 1,81 % се укинати и 10 предмети или 0,70 %, се преиначени. Процентите се добиени во соднос со бројот на решените 1.433 предмети.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Основниот суд Струмица на почетокот на 2024 година, односно на крајот на 2023 година имал во работа 59 постари предмети од две години. На крајот на 2024 година во работа останале 57 стари предмети, што значи дека бројката е намалена за 2 предмети.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Според одлука на Судскиот совет на РСМ во Основен суд Струмица треба да постапуваат вкупно 20 судии, но заклучно со 31.12.2024 година пополнети се 11 судиски места. Притоа, со одлука на Судскиот совет на РСМ во 10-ти месец еден судија е времено упатен да ја извршува судиската функција во Основниот суд Делчево, што значи дека судот функционира со 10 судии, заедно со ВД претседателот, како и еден судија кој работи со половина работно време.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струмица предвидени се 117 работни места од кои пополнети се 55. Во текот на 2025 година тројца вработени ги исполнуваат условите за старосна пензија, па извесно е дека судот ќе функционира со помалку од половина од предвидениот број на извршители согласно систематизацијата. Притоа, во 2024 година во Основен суд Струмица не било одобрено ниту едно вработување, ниту пак имало унапредување по пат на интерен оглас.

Во Основниот суд Струмица во 2024 година постојната ИКТ опрема е тековно одржувана, а користењето на електронската достава е зголемено. Воедно, направена е надградба на опремата за тонско снимање заедно со нови компјутери.

Обезбедувањето на зградата се врши од страна на судската полиција, видео-камери и метал детектори.

Судот се уште се соочува со недостаток на столоци во судниците и канцелариите, особено што од претходната набавка пред 10 години амортизирани се околу 200 столови, па има приоритетна потреба за набавка на нови столови.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од аспект на предметното работење судот се оценува за **неажурен суд**, односно го зголемил заостатокот на нерешени предмети на крајот на годината. За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: да се преземат напори по однос на прашањето за избор на нови судии и пополнување на работните места во судската служба, да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот, да се подобри кадровската екипираност, да се набави неопходниот мебел и да се продолжи со квалитетно работење.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основниот суд Штип од претходната 2023 година останале нерешени вкупно 3.519 предмети, а новопримени во текот на 2024 година биле 21.762 предмети, 122 предмети повторно биле во работа, погрешно заведени 7 предмети, така што вкупниот број на предмети во работа во 2024 година бил 25.396 предмети.

Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2024 година биле решени 22.124, а останале нерешени 3.272 предмети.

Со оглед на наведените податоци во 2024 година Основниот суд Штип решил 87,11% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд, го совладал приливот и е **ажурен суд**.

### СУДСКА УПРАВА

Во работењето на судската управа, има 1 нерешен предмет на почетокот на годината, новопримени во текот на 2024 година биле 1.104 предмети, погрешно заведени нема. Вкупно предмети во работа биле 1.105 и сите биле решени.

### РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Од вкупниот број на решени 5.148 предмети, потврдени се 268 предмети, односно 5,21%, укинати се 66 предмети, односно 1,28% и преиначени 18 предмети, односно 0,35%.

#### Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Штип од претходната извештајна година останале нерешени 1695 предмети, новопримени биле 15.387 предмети, 81 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени 5 предмети. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 17.158 предмети, од кои решени биле 15.416 предмети, а останале нерешени 1742 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Кривичниот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 3.178 предмети, потврдени биле 110 предмети, односно 3,46%, укинати 35 предмети, односно 1,10% и преиначени 14 предмети, односно 0,44%.

Во годишниот извештај за работа на Основниот суд Штип за 2024 година нема податоци за предмети во Прекршочниот оддел.

**Граѓански оддел**

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Штип од претходната извештајна година останале нерешени 1823 предмети, новопримени биле 5271 предмети, 41 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени 2 предмети. Во текот на 2024 година во овој оддел во работа биле вкупно 7133 предмети, од кои решени биле 5603 предмети и останале нерешени 1530 предмети.

Квалитетот на предмети на ниво на Граѓанскиот оддел во извештајната 2024 година е следниот: од вкупниот број на решени 1970 предмети, потврдени биле 158 предмети, односно 8,02%, укинати 31 предмети, односно 1,57% и преиначени 4 предмети, односно 0,20%.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно 468 стари предмети, во текот на 2024 година решени се 297 предмети, а останале нерешени 171 стари предмети.

По предметите РО – работни спорови и СТ- стечајни предмети, поради непостапување на органи и институции во рамки на нивните надлежности и обврски дел од предметите не се решаваат.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ВРСКА СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Основниот суд Штип располага со доволно простории сместени во два објекти „Стара зграда" и „Нова зграда". Објектот е изграден пред 40 години потребно е детално реновирање. Нужно е набавка на 2 нови детектор врати, бидејќи постоечките се во неисправна состојба. Системот на евидентирање на вработените е застарен и делумно нефункционален. Опременоста на судот е на граница на задоволително ниво. Опремата и канцелариският мебел е амортизиран, столиците се оштетени, и нефункционални и е потребна замена.

Судот располага со 2 ПМВ и тоа: Опел Астра од 2019 година и Рено Лагуна од постаро производство, кои се во исправна состојба. Во судот евидентираат и други 2 ПМВ, кои се неисправни и нерегистрирани, за кои е започната постапка за нивен отпис. Во судот е нужно е потребна реконструкција на електрична и водоводна инсталација.

Во Основниот суд Штип работата со информатичката технологија е на задоволително ниво. Сите вработени се опремени со компјутер и комјутерска опрема. Во сите 5 судници е инсталирана комјутерка опрема, а 2 сали се опремени со опрема за тонско снимање. Инсталирана е нова тонска опрема во судниците.

Потребно е да се набават 4 UPS уреди, поради чести прекини на електрична енергија и 6 принтери. Исто така, потребно е да се набават монитори, 10-12 компјутери, SSD дискови и RAM меморија, тастатури, глувчиња, како и сервисирање на постоечката опрема.

Во Основниот суд Штип на почетокот на 2024 година имало 12 судии заедно со Претседателот на судот.

Во март 2024 година 2 судии биле избрани за судии во Апелационен суд Штип. Во септември 2024 година 1 судија е избран за член на Судскиот совет на РСМ, во ноември 1 судија е избран за судија во Апелационен суд Штип. Оттука, на крајот на 2024 година во судот имало 10 судии заедно со Претседателот на судот. По однос на судските службеници во судот од предвидените 120 работни места, во 2024 година имало 59 вработени. Во 2024 година не е реализирано ниту едно вработување.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во извештајната 2024 година Основниот суд Штип го совладал приливот и решил 87,11% од вкупниот број на предмети во работа на ниво на суд и се оценува за **ажурен суд.** За подобрување на ефикасноста во работењето на ниво на суд неопходно е да се преземат следните мерки: да се вложат напори за решавање на старите нерешени предмети, да се овозможат нови вработувања за кадровско доекипирање на судот согласно Годишниот план за вработување, да се извршат набавки на информатичка опрема, канцелариски мебел и детектор врати во судот и реконструкција на електрична и водоводна инсталација, како и реновирање на објектот, за непречено одвивање на работата во Основниот суд Штип.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**